# Службен весник на Република Македонија

**Број 71** **11 април 2016, понеделник** **година LXXII**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**СОДРЖИНА**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 2031. | **Закон** за изменување на Законот за заштита и спасување........................ | 2 |
| 2032. | **Закон** за зеленило............................ | 3 |
| 2033. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија.......... | 15 |
| 2034. | **Закон** за изменување на Законот за угостителска дејност........................ | 16 |
| 2035. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита............................................ | 17 |
| 2036. | **Закон** за дополнување на Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија...................... | 18 |
| 2037. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за градење................. | 19 |
| 2038. | **Закон** за дополнување на Законот за јавните патишта........................... | 20 |
| 2039. | **Закон** за изменување на Законот за сигурност во железничкиот систем | 20 |
| 2040. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај........................................... | 21 |
| 2041. | **Исправка** на Законот за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања.................................................... | 27 |
| 2042. | **Одлука** за дополнување на Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Македонија................ | 28 |
| 2043. | **Одлука** за избор на член на Надзорниот одбор на Друштво за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје..................... | 28 |
| 2044. | **Решение** за разрешување и именување член на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони........................ | 28 |
| 2045. | **Решение** за именување директор на Управата за сигурност во железничкиот систем................................ | 28 |
| 2046. | **Решение** за разрешување од должноста в.д. директор на Јавното претпријатие Службен весник на Република Македонија..................... | 28 |
| 2047. | **Решение** за именување в.д. директор на Јавното претпријатие Службен весник на Република Македонија................................................. | 29 |
| 2048. | **Решение** за разрешување од должноста заменик-директор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија....................................... | 29 |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 2049. | **Решение** за именување вршител на должноста заменик-директор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија.................................... | 29 |
| 2050. | **Решение** за именување претседател и членови на Комисијата за организации со статус од јавен интерес...... | 29 |
| 2051. | **Решение** за именување директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија............................................. | 30 |
| 2052. | **Решение** за именување портпарол на Владата на Република Македонија...................................................... | 30 |
| 2053. | **Решение** за именување директор на Управата за имотно – правни работи..................................................... | 30 |
| 2054. | **Исправка** на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2016 година................................... | 30 |
| 2055. | **Правилник** за составот на комисијата за унапредување и начинот на спроведување на селекцијата за унапредување на вработените во шумска полиција............................... | 30 |
| 2056. | **Правилник** за формата, содржината и начинот на пополнување на пријавата за засновање на работен однос во шумската полиција........... | 31 |
| 2057. | **Правилник** за формата и содржината на прекршочниот платен налог....... | 34 |
| 2058. | **Правилник** за мерките и активностите за заштита на спелеолошките објекти ................................................ | 39 |
| 2059. | **Одлука** за избор на претседател на Основен суд Гостивар....................... | 40 |
| | **Меѓународни договори** | |
| 16. | **Закон** за ратификација на Договорот меѓу Советот на министри на Република Албанија, Советот на министри на Босна и Херцеговина, Владата на Република Македонија, Владата на Црна Гора, Владата на Република Србија и Владата на Република Словенија во врска со формирање на балкански медицински наменски сили.................................... | 2 |
| 17. | **Закон** за ратификација на измената на Протоколот 4 на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Европските заедници и нивните земји членки од една страна и Република Македонија, од друга страна, изменет со Одлука број 1/16 на Советот за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската Унија................... | 20 |
| | **Огласен дел**...................................... | 1-68 |

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2031.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за заштита и спасување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 4 април 2016 година.

Бр.08-2042/1
4 април 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ број 36/2004, 49/2004, 86/2008, 124/10, 18/11, 41/14 и 129/15), во членот 19 став 4 точка 5 во алинејата 4 запирката се заменува со сврзникот „и“.

Во алинејата 5 сврзникот „и“ се брише.

Алинејата 6 се брише.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

## L I GJ
## PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR MBROJTJE DHE SHPËTIM

Neni 1

Në Ligjin për mbrojtje dhe shpëtim (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 36/2004, 49/2004, 86/2008, 124/10, 18/11, 41/14 dhe 129/15), në nenin 19 paragrafi 4 pika 5 në alinenë 4 presja zëvendësohet me lidhëzën "dhe”.

Në alinenë 5 lidhëza “dhe” shlyhet.

Alineja 6 shlyhet.

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

**2032.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕЛЕНИЛО**

Се прогласува Законот за зеленило,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 4 април 2016 година.

Бр. 08-2043/1
4 април 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ЗЕЛЕНИЛО**

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**1. Предмет на Законот**

Член 1

Со овој закон се уредуваат правата и обврските во врска со подигањето, одржувањето и користењето на зеленилото, видовите на зеленило, како и други прашања од значење за зеленилото.

**2. Цел на Законот**

Член 2

Цел на овој закон е унапредување на просторот со зеленило, преку планско и одржливо подигање и одржување на зеленилото, заради зачувување на квалитетот и разновидноста на зеленилото, подобрување на квалитетот на воздухот, подобрување на квалитетот на живот во градските подрачја и унапредување на животната средина.

**3. Дефиниции**

Член 3

Одделени изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. Зеленило се сите видови на парковско зеленило и заштитно зеленило, согласно со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, кое е предвидено во плански опфат на генерален урбанистички план донесен согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање како и постојните зелени површини (паркови, парк шуми, рекреативни површини, тревни површини, садници, дрвореди и слично).

2. Зеленило за јавна употреба е зеленилото наменето за користење од страна на сите физички и правни лица, кое согласно со планската документација е предвидено во рамки на градежна парцела со намена-домување во станбени згради (А2), со намена-јавни институции (В) и со намена-зеленило и рекреација (Д), согласно со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, како и зеленилото кое согласно со планската документација е предвидено на јавни површини.

3. Зеленило за приватна употреба е зеленилото наменото за користење од страна на одредени физички и правни лица, кое согласно со планска документација е предвидено како придружна содржина на објект во рамки на градежна парцела со намена-домување (А) (освен со намена-домување во станбени згради (А2)), со комерцијални и деловни намени (Б), со намена-производство, дистрибуција и сервиси (Г) и со намена-инфраструктура (Е), согласно со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

4. Планска документација се генерален урбанистички план, детален урбанистички план и урбанистичко-планска документација донесени согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање.

5. Подигање на зеленило е садење на трева, садници, цвеќе, дрва и други видови на зеленило, обновување на оштетено зеленило како и преземање на други мерки и активности заради озеленување на просторот.

6. Одржување на зеленило е нега и наводнување на зеленилото, прихранување на зеленилото, косење и собирање на искосена трева, кастрење на крошни, нега на садници, обновување на растителниот материјал што е исушен, санитарно сечење, преземање мерки за заштита од штетници, отстранување на искастрени гранки и отпад од зелените површини и други мерки и активности за зачувување на зеленилото.

7. Процент на озеленетост е однос меѓу површината на градежното земјиште наменето за зеленило и вкупната површина на градежното земјиште изразено во проценти.

**4. Примена на посебни закони**

Член 4

Во постапката при вршењето на инспекцискиот надзор ќе се применуваат одредбите од Законот за комунални дејности и Законот за инспекциски надзор, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

**5. Зеленило под посебен режим на заштита**

Член 5

Доколку одреден вид на зеленило подлежи на посебен режим на заштита согласно со прописите од областа на животната средина, при примената на одредбите на овој закон во целост се почитува утврдениот режим на заштита.

**6. Утврдување на површини за зеленило и процент на озеленетост**

Член 6

Површините за зеленило и процентот на озеленетост се утврдуваат во планската документација.

II. ПОДИГАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕТО НА ЗЕЛЕНИЛО ЗА ЈАВНА УПОТРЕБА

**1. Надлежен орган за подигање и одржување на зеленило за јавна употреба**

Член 7

(1) Надлежен орган за подигање и одржување на зеленило за јавна употреба се единиците на локална самоуправа, единиците на локална самоуправа во градот Скопје и градот Скопје.

(2) Обврска за подигање и одржување на зеленило за јавна употреба согласно со одредбите од овој закон, имаат единиците на локална самоуправа кои се со седиште во град согласно со Законот за територијалната организација на локалната самоуправа, единиците на локална самоуправа во градот Скопје и градот Скопје.

(3) Градот Скопје е надлежен за подигање и одржување на зеленилото за јавна употреба во согласност со надлежностите утврдени во Законот за градот Скопје.

(4) Надлежните органи од ставот (1) од овој закон, подигањето и одржувањето на зеленилото за јавна употреба го вршат преку јавни претпријатија кои се основани за вршење на комунални дејности (во натамошниот текст: јавни претпријатија).

**2. Развоен план и годишна програма за подигање и одржување на зеленило за јавна употреба**

Член 8

(1) Подигањето и одржувањето на зеленилото за јавна употреба се врши врз основа на развоен план и годишна програма, донесени согласно со Законот за комунални дејности.

(2) Во развојниот план од ставот (1) на овој член, се утврдува просторот кој ќе бидат предмет на озеленување и процентот на озеленетост кој треба да се реализира во наредниот период од три години.

(3) Во годишната програма за подигање и одржување на зеленилото за јавна употреба се утврдуваат видот и површината на зеленило за јавна употреба која ќе биде подигната и одржувана, динамиката на подигање и начинот на одржување на зеленилото, процентот на озеленување, изворот на обезбедување и висината на финансиските средства наменети за подигање и одржување на зеленилото за јавна употреба во тековната година и други прашања поврзани со реализацијата на програмата.

(4) Утврдувањето на површините за зеленило за јавна употреба во годишната програма за подигање и одржување на зеленило, кое ќе биде предмет на подигање во тековната година, се врши во согласност со планската документација.

(5) Во годишната програма за подигање и одржување на зеленило, треба да се предвиди подигање зеленило на најмалку 10% од површината, која во генералниот урбанистички план е предвидена за зеленило за јавна употреба.

**3. Реализација на годишна програма за подигање и одржување на зеленило**

Член 9

(1) Јавното претпријатие е должно во тековната година да го реализира процентот на озеленетост кој ќе се утврди во годишната програма за подигање и одржување на зеленило од членот 8 од овој закон.

(2) Јавното претпријатие доставува писмен извештај за реализација на годишната програма за подигање и одржување на зеленило, до Советот на единицата на локална самоуправа, Советот на единицата на локална самоуправа во градот Скопје, односно Советот на градот Скопје, за претходната година, најдоцна до 15 јануари во тековната година.

**4. Финансиски средства за подигање и одржување на зеленило за јавна употреба**

Член 10

(1) Финансиските средства за подигање и одржување на јавно зеленило се обезбедуваат од изворите на средства за финансирање на комуналните дејности кои се утврдени во Законот за комунални дејности.

(2) Висината и изворите на средства од ставот (1) на овој член, од кои ќе бидат обезбедени средствата за подигање и одржување на зеленилото за јавна употреба се утврдуваат со Одлука на Советот на единицата на локална самоуправа, Советот на единицата на локална самоуправа во градот Скопје, односно Советот на градот Скопје.

III.ПОДИГАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕТО НА ЗЕЛЕНИЛО ЗА ПРИВАТНА УПОТРЕБА

**1. Обврска за подигање и одржување на зеленило за приватна употреба**

Член 11

(1) Подигањето и одржувањето на зеленило за приватна употреба се врши од страна на сопственик на објект кој е изграден на градежна парцела во рамките на која зеленилото согласно со планската документација е предвидено како придружна содржина на објектот, а доколку се работи за градежно неизградено земјиште, од страна на сопственикот на градежното земјиште.

(2) Обврска за подигање и одржување на зеленилото за приватна употреба има сопственик на објект кој е изграден на градежна парцела, односно сопственик на градежно неизградено земјиште, доколку во планската документација е утврден процент на озеленетост на предметната градежната парцела.

(3) Сопственикот на објектот, односно сопственикот на градежното неизградено земјиште е должен да го подигне и да го одржува зеленилото во согласност со процентот на озеленетост за предметната градежна парцела кој е утврден во планската документација.

**2.Подигање и одржување на зеленило од страна на сопственик на објект со намена-тешка и загадувачка индустрија**

Член 12

(1) По исклучок од членот 11 став (2) од овој закон, сопственик на објект со намена-тешка и загадувачка индустрија (Г1) согласно со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, е должен да изврши озеленување на најмалку 30% од градежната парцела на која е изграден објектот и во случаите кога со планската документација не е предвиден процент на озеленетост за предметната градежна парцела.

(2) Доколку не постојат услови да се изврши озеленување на градежната парцела согласно со проценот од ставот (1) на овој член, сопственикот на објектот е должен да подигне зеленило на простор утврден од единицата на локална самоуправа, единицата на локална самоуправа во градот Скопје и градот Скопје, на чие подрачје е изграден објектот, која ќе го утврди видот и обемот на зеленилото кое треба да се подигне.

(3) Одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член се однесуваат за објекти со намена - тешка и загадувачка индустрија (Г1), кои се изградени во и надвор од подрачје на генерален урбанистички план, донесен согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање.

**3. Подигање на зеленило од страна на инвеститор на градба**

Член 13

Правно и физичко лице кое е инвеститор на градба врз основа на одобрение за градење издадено согласно со Законот за градење, е должно да подигне зеленило за приватна употреба кое е предвидено како придружна содржина на градбата, доколку во планската документација е утврден процент на озеленетост на предметната градежната парцела, најдоцна до издавање на одобрение за употреба, односно изготвување на извештај за технички преглед за градбата.

**4. Одржување на зеленило од страна на сопственик на објект и сопственик на градежното незизградено земјиште**

Член 14

(1) Сопственик на објект кој е изграден на градежната парцела, односно сопственик на градежното неизградено земјиште, е должен да го одржува зеленилото

и редовно да ги кастри дрвјата, грмушките и живата ограда кои му пречат на безбедното одвивање на сообраќајот или на движењето на минувачите или на сопственик на соседна градежна парцела, односно на сопственик на соседен објект.

(2) Доколку сопственик на објект, односно сопственик на градежното неизградено земјиште, не изврши кастрење на дрва, грмушки и живата ограда кои му пречат на безбедното одвивање на сообраќајот или на движењето на минувачите или на сопственик на соседна градежна парцела односно на сопственик на соседен објект, кастрењето може да го изврши надлежниот орган од членот 7 став (1) од овој закон, на трошок на сопственикот на објектот, односно сопственикот на градежното неизградено земјиште.

(3) Во случаите од ставот (2) на овој член, кастрењето на дрва, грмушки и жива ограда, надлежниот орган од членот 7 став (1) од овој закон го врши по службена должност или по писмено барање на правно или физичко лице.

**5. Финансиски средства за подигање и одржување на зеленилото за приватна употреба**

Член 15

Финансиските средства за подигање и одржување на зеленилото за приватна употреба ги обезбедува сопственикот на објект или правното и физичко лице-инвеститор на градба, во чија функција зеленилото согласно со планската документација е предвидено како придружна содржина на објектот, а доколку се работи за градежно неизградено земјиште, сопственикот на градежното земјиште.

## IV. КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕЛЕНИЛОТО

Член 16

(1) Секое физичко и правно лице е должно правилно да го користи зеленилото за јавна употреба и да не врши дејствија со кои се оштетува зеленилото.

(2) Заради заштита на зеленилото за јавна употреба забрането е:

- корнење, сечење и кастрење дрвја, грмушки и жива ограда,
- соголување и засекување на стебла на дрва,
- уништување на тревници преку отстранување на земја,
- откривање и оштетување на корења на дрва и садници,
- откорнување цветни и тревни бусени,
- закачување на рекламни паноа и натписи и лепење плакати на дрва,
- палење оган на тревни површини и палење стебла,
- фрлање и оставање отпадоци во зеленило,
- оставање градежен материјал и шут на зеленило,
- паркирање на возила и нивно миење на зеленило,
- истурање нечиста вода и други течности на зеленилото кои го загадуваат и оштетуваат зеленилото и
- чување и напасување добиток и живина.

## V. ОТСТРАНУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИЛО

**1. Отстранување на зеленило поради реализација на планска документација**

Член 17

(1) Доколку при реализација на планска документација потребно е да се отстрани зеленило за јавна употреба, надлежниот орган од членот 7 став (1) од овој закон, е должен да подигне соодветен вид на зеленило во пречник кој не е поголем од 500 метри од местото на кое е отстрането зеленилото.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, зеленилото кое треба да се подигне може да се подигне во пречник кој е поголем од 500 метри од местото на отстранетото зеленило, доколку согласно со планската документација не постојат услови за подигање на соодветен вид на зеленило во пречникот утврден во ставот (1) на овој член.

(3) Во случаите од ставовите (1) и (2) на овој член, надлежниот орган од членот 7 став (1) од овој закон, е должен да го подигне зеленилото во рок од три месеци од денот на отстранување на зеленилото.

(4) Подигањето на зеленилото во случаите од ставовите (1) и (2) на овој член не се предвидува во годишната програма од членот 8 од овој закон.

**2. Надоместок за отстранување на зеленило**

Член 18

(1) Во случаите од членот 17 став (1) од овој закон, кога при реализација на планската документација потребно е да се отстрани зеленило за јавна употреба, инвеститорот на градбата со чија изградба се врши реализација на планската документација, должен е да плати надоместок за зеленило, чија висина ја утврдува надлежниот орган од членот 7 став (1) од овој закон.

(2) Надоместокот за зеленилото на јавна употреба од ставот (1) на овој член, ги опфаќа трошоците на надлежниот орган од членот 7 став (1) од овој закон направени за отстранување на зеленилото како и пазарната вредност на отстранетото зеленило.

(3) Надоместокот од ставот (1) на овој член се плаќа пред отстранување на зеленилото за јавна употреба, а истиот се користи за подигање на зеленилото во случаите од членот 17 ставови (1) и (2) од овој закон.

**3. Одобрение за отстранување на зеленило**

Член 19

(1) Отстранување на оштетено зеленило за јавна употреба (корнење, сечење и кастрење дрвја, грмушки и слично) може да врши само надлежниот орган од членот 7 став (1) од овој закон.

(2) Отстранување на дрво кое е придружна содржина на објект во градежна парцела или пак се наоѓа на градежна парцела која претставува градежно неизградено земјиште, сопственикот на објектот, односно сопственикот на градежното неизградено земјиште може да го изврши само по добиено одобрение за отстранување на зеленило од страна на надлежниот орган од членот 7 став (1) од овој закон.

(3) Во случаите од ставот (2) на овој член, сопственикот на објектот, односно сопственикот на градежното неизградено земјиште поднесува барање за добивање на одобрение за отстранување на зеленило до надлежниот орган од членот 7 став (1) од овој закон.

(4) Надлежниот орган од членот 7 став (1) од овој закон, до кој што е доставено барањето од ставот (3) на овој член е должен во рок од пет работни да издаде одобрение за отстранување на зеленило.

(5) Во случаи кога отстранувањето на дрвото треба да се изврши од страна на стручни лица, надлежниот орган од членот 7 став (1) од овој закон, до кој што е доставено барањето од ставот (3) на овој член, во рокот од ставот (4) на овој член доставува писмено известување до барателот, дека истото ќе биде отстрането по службена должност, на трошок на барателот.

(6) Надлежниот орган од членот 7 став (1) на овој член, во случаите од ставот (5) на овој член, е должен да го отстрани дрвото во рок од 15 дена од доставувањето на писмено известување на барателот, при што доколку не го отстрани дрвото во рокот утврден во овој став, надлежниот орган е должен да ја надомести штетата ако поради неговото непостапување во иднина настанат штети.

VI. ЕВИДЕНТИРАЊЕ НА ЗЕЛЕНИЛО

**1. Регистар на зеленило**

Член 20

(1) Надлежниот орган од членот 7 став (1) од овој закон е должен да води на Регистар на зеленило.

(2) Регистарот од ставот (1) на овој член се води во електронска форма и истиот задолжително се објавува на веб страницата на единицата на локална самоуправа, единицата на локална самоуправа во градот Скопје и градот Скопје.

(3) Регистарот од ставот (1) на овој член содржи податоци за површината и видот на зеленилото кое е подигнато на подрачјето на надлежниот орган од членот 7 став (1) од овој закон.

(4) Формата и содржината на регистарот од ставот (1) на овој закон ја пропишува министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

**2. Катастар на зеленило**

Член 21

(1) Надлежниот орган од членот 7 став (1) од овој закон, може да формира и катастар на зеленило, во кој се евидентираат сите видови на зеленило кое се наоѓа на подрачјето на надлежниот орган.

(2) Надлежен орган за формирање на катастар на зеленило за подрачјето на градот Скопје е градот Скопје.

(3) Катастарот на зеленило треба да е јавно достапен.

(4) Формата, содржината и начинот на водење на катастарот на зеленило го пропишува министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа за уредување на просторот.

(5) Надлежниот орган од членот 7 став (1) од овој закон, кој ќе формира катастар на зеленило не е должен да води регистар на зеленило согласно со членот 20 став (1) од овој закон.

VII. НАДЗОР

**1. Надзор над законитоста на работата на органите на единиците на локална самоуправа, единиците на локална самоуправа во градот Скопје и градот Скопје**

Член 22

(1) Надзор над законитоста на работата на органите на единиците на локална самоуправа, единиците на локална самоуправа во градот Скопје и градот Скопје врши органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

(2) При вршењето на надзорот од ставот (1) на овој член, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот ги врши следниве работи:

1) ја следи законитоста на работата на органите на единиците на локална самоуправа, единиците на локална самоуправа во градот Скопје и градот Скопје и презема мерки, активности и поднесува иницијативи за остварување на нивните надлежности;

2) им укажува на единиците на локална самоуправа, единиците на локална самоуправа во градот Скопје и градот Скопје на пречекорувањето на нивните надлежности утврдени со овој закон и предлага соодветни мерки за надминување на таа состојба;

3) укажува на определени материјални и процедурални недостатоци во работата на органите на единиците на локална самоуправа, единиците на локална самоуправа во градот Скопје и градот Скопје кои би можеле да го оневозможат вршењето на работите утврдени со овој закон;

4) дава препораки за доследно спроведување на надлежностите за работите кои треба да ги вршат единиците на локална самоуправа, единиците на локална самоуправа во градот Скопје и градот Скопје, согласно со овој закон, а на нивно барање;

5) дава мислење и стручна помош на барање на органите на единиците на локална самоуправа, единиците на локална самоуправа во градот Скопје и градот Скопје по однос на примената на одредбите од овој закон и

6) го следи остварувањето на јавноста во работата на органите на единиците на локална самоуправа, единиците на локална самоуправа во градот Скопје и градот Скопје од аспект на редовно, навремено, вистинито и целосно известување на граѓаните за работите утврдени со овој закон.

(3) За преземените мерки и активности од ставот (2) на овој член, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот ги информира органите на единиците на локална самоуправа, на единиците на локална самоуправа во градот Скопје и на градот Скопје.

**2. Инспекциски надзор**

Член 23

(1) Инспекциски надзор вршат комуналните инспектори на единиците на локална самоуправа, комуналните инспектори на единиците на локална самоуправа во градот Скопје, односно комуналните инспектори на градот Скопје.

(2) Комуналните инспектори на градот Скопје, работите на инспекциски надзор ги вршат во согласност со надлежностите на градот Скопје кои се утврдени во Законот за градот Скопје.

(3) По исклучок од ставот (1) инспекциски надзор врши и Државниот комунален инспекторат преку државните комунални инспектори во случаите кога единиците на локална самоуправа, единиците на локална самоуправа во градот Скопје и градот Скопје немаат овластено комунален инспектор.

(4) Во случаите од ставот (3) на овој закон инспекцискиот надзор се врши на сметка на единицата на локална самоуправа, единицата на локална самоуправа во градот Скопје и градот Скопје.

Член 24

(1) При вршењето на инспекцискиот надзор надлежните инспектори од членот 23 од овој закон проверуваат дали:

1) јавното претпријатие го реализирало процентот на озеленетост кој е утврден во годишната програма за подигање и одржување на зеленило;

2) надлежниот орган при отстранување на зеленило за јавна употреба заради реализација на планската документација, постапил согласно со членот 17 од овој закон;

3) сопственик на објект кој е изграден на градежна парцела, а доколку се работи за градежно неизградено земјиште, сопственик на градежното земјиште подигнале и одржуваат зеленило во согласност со процентот на озеленетост за предметната градежна парцела кој е утврден во планската документација;

4) сопственик на објект со намена-тешка и загадувачка индустрија (Г1) согласно со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, подигнал зеленило согласно со членот 12 ставови (1) и (2) од овој закон;

5) правно и физичко лице-инвеститор на градба врз основа на одобрение за градење издадено согласно со Законот за градење, подигнале зеленило за приватна употреба во согласност со процентот на озеленетост за предметната градежна парцела кој е утврден во планската документација, најдоцна до издавање на одобрение за употреба, односно изготвување на извештај за технички преглед за градбата;

6) сопственик на објект кој е изграден на градежна парцела, а доколку се работи за градежно неизградено земјиште, сопственик на градежно земјиште, редовно ги кастри дрвјата, грмушките и живата ограда кои му пречат на безбедното одвивање на сообраќајот или движењето на минувачите или на сопственик на соседна градежна парцела, односно сопственик на соседен објект;

7) сопственикот на објектот, односно сопственикот на градежното неизградено земјиште, при отстранување на дрво кое е придружна содржина на објект во градежна парцела или пак се наоѓа на градежна парцела која претставува градежно неизградено земјиште, прибавиле одобрение за отстранување на зеленило согласно со членот 19 став (2) од овој закон и

8) физичките лица правилно го користат зеленилото и не ги вршат дејствијата утврдени во членот 16 став (2) од овој закон.

(2) Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор во случаите од ставот (1) точки 1), 2) 3), 4), 5), 6) и 7) на овој член, надлежниот инспектор утврди дека не е постапено согласно со наведените законски одредби, составува записник и донесува решение со кое ќе утврди дополнителен рок за постапување.

(3) Против решението на инспекторот од ставот (2) на овој член е дозволена жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението.

(4) По жалбата против решението на инспекторот одлучува Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

(5) Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

(6) Надлежниот инспектор е должен по службена должност да изврши контролен надзор дали јавното препријатие или надлежниот орган од членот 7 став (1) од овој закон или сопственикот на објектот, односно сопственикот на градежното неизградено земјиште или правното и физичко лице-инвеститор на градба постапиле во дополнителниот рок, при што доколку утврди дека истите не постапиле и во дополнителниот рок, доставува предлог за покренување на прекршочна постапка против одговорното лице на јавното препријатие, службеното лице на надлежниот орган од членот 7 став (1) од овој закон, или сопственикот на објектот, односно сопственикот на градежното неизградено земјиште или правното и физичко лице-инвеститор на градбата.

## VIII.ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### 1. Прекршоци на јавни претријатија

Член 25

(1) Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за сторен прекршок на јавно претпријатие надлежно за подигање и одржување на зеленило ако не го реализира процентот на озеленетост кој е утврден во годишната програма за подигање и одржување на зеленило (член 9 став (1)).

(2) Глоба во висина од 30% од одмерената глоба за јавното претпријатие, ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице на јавното претпријатие.

### 2.Прекршок на надлежен орган

Член 26

Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за сторен прекршок на градоначалникот на единица на локална самоуправа, градоначалникот на единицата на локална самоуправа во градот Скопје и градоначалникот на градот Скопје ако при отстранување на зеленило за јавна употреба заради реализација на планската документација, единица на локална самоуправа, единицата на локална самоуправа во градот Скопје и градот Скопје не постапи согласно со членот 17 ставови (1), (2) и (3) од овој закон.

### 3. Прекршоци на сопственик на објект и на сопственик на градежно неизградено земјиште

Член 27

(1) Глоба во износ од 1.500 евра во денарска противвредност ќе му изрече за прекршок на правно лице-сопственик на објект кој е изграден на градежна парцела или сопственик на градежното неизградено земјиште, ако:

- не подигне и не одржува зеленилото за приватна употреба (кое согласно со планска документација е предвидено како придружна содржина на објект во рамки на градежна парцела со комерцијални и деловни намени (Б), со намена-производство дистрибуција и сервиси (Г) и со намена-инфраструктура (Е), согласно со Правилникот за стандарди и номативи за урбанистичко планирање) во согласност со процентот на озеленетост за предметната градежна парцела, кој е утврден во планската документација (член 11 став (3)),

- не подигне зеленило согласно со членот 12 ставови (1) и (2) од овој закон,

- не подигне зеленилото за приватна употреба (кое согласно со планската документација е предвидено како придружна содржина на објект во рамки на градежна парцела со комерцијални и деловни намени (Б), со намена-производство дистрибуција и сервиси (Г) и со намена-инфраструктура (Е), согласно со Правилникот за стандарди и номативи за урбанистичко планирање) во согласност со процентот на озеленетост за предметната градежна парцела кој е утврден во планската документација, најдоцна до издавање на одобрение за употреба, односно изготвување на извештај за технички предлед за градбата (член 13);

-не ги кастри гранките и живата ограда кои му пречат на безбедното одвивање на сообраќајот или движењето на минувачите или на сопственик на соседна градежна парцела или на сопственик на соседен објект (член 14);

- при отстранување на дрво кое е придружна содржина на објект во градежна парцела или пак се наоѓа на градежна парцела која претставува градежно неизградено земјиште, не е обезбедено одобрение за отстранување на зеленило (член 19 став (2)).

(2) Глоба во висина од 30% од одмерената глоба за правното лице, ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице.

(3) Глоба во износ од 50 до 150 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице-сопственик на објект кој е изграден на градежна парцела или сопственик на градежното неизградено земјиште, за прекршокот од ставот (1) алинеи 1, 2, 3, 4 и 5 на овој член.

### 4. Надлежни органи за спроведување на прекршочната постапка

Член 28

(1) Надлежен орган за спроведување на прекршочната постапка за прекршоците од членовите 25 и 26 од овој закон е надлежен суд, а за прекршоците од членот 27 од овој закон надлежен орган е комисија за прекршоци формирана од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

(2) Против одлуката на комисијата од ставот (1) на овој член, може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочна постапка, во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката.

### 5. Постапка за порамнување

Член 29

(1) Пред поднесувањето на барањето за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд, односно прекршочен орган ќе се спроведе постапка за порамнување. Доколку сторителот го признае прекршокот, надлежниот инспектор од членот 23 од овој закон, ќе му издаде на сторителот прекршочен платен налог заради наплата на глобата предвидена за прекршокот. Со потписот на прекршочниот платен налог сторителот на прекршокот се смета дека се согласува да ја плати предвидената глоба.

(2) Сторителот на прекршокот е должен да ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметка на Буџетот на Република Македонија, означена во прекршочниот платен налог. Сторителот ќе плати само половина од изречената глоба, доколку плаќањето го изврши во рокот од осум дена.

(3) Ако сторителот на прекршокот од ставот (1) на овој член не ја плати глобата во рокот определен во ставот (2) на овој член, надлежниот инспектор, ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд, односно прекршочен орган.

(4) Надлежните инспектори од членот 23 од овој закон се должни да водат евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.

(5) Во евиденцијата од ставот (4) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следниве податоци име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(6) Личните податоци од ставот (5) на овој член се чуваат пет години од денот на внесувањето во евиденцијата.

(7) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ја пропишува министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Член 30

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице се врши согласно со Законот за прекршоците.

### 5. Мандатен платен налог

Член 31

(1) Глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице, во мандатна постапка со издавање на мандатен платен налог, ако на зеленило за јавна употреба врши:

- закачување на рекламни паноа и натписи и лепење плакати на дрвја,
- фрлање и оставање отпадоци во зеленилото и
- чување и напасување добиток и живина на зеленило.

(2) Глоба во износ од 100 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице, во мандатна постапка со издавање на мандатен платен налог, ако на зеленило за јавна употреба врши:

- корнење, сечење и кастрење дрвја, грмушки и жива ограда,
- соголување и засекување на стебла на дрва,
- уништување на тревници преку отстранување на земја,
- откривање и оштетување на корења на дрва и садници,
- откорнување цветни и тревни бусени,
- палење оган на тревни површини и палење стебла,
- оставање градежен материјал и шут на зеленило,
- паркирање на возила и нивно миење на зеленило и
- истурање нечиста вода и други течности на зеленило кои го загадуваат и оштетуваат зеленилото.

Член 32

(1) Надлежните инспектори од членот 23 од овој закон се должни да водат евиденција за издадените мандатни платни налози и за исходот на покренатите постапки.

(2) Во евиденцијата од ставот (2) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следниве податоци име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на мандатниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(3) Личните податоци од ставот (3) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

(4) Формата и содржината на мандатниот платен налог ја пропишува министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи.

## VIII.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 33

(1) Единиците на локална самоуправа, единиците на локална самоуправа во градот Скопје и градот Скопје, се должни да достават известување до сопственик на објект кој е изграден на градежната парцела, односно сопственик на градежното неизградено земјиште кое е дел од градежна парцела, на која согласно со планската документација е утврден процент на озеленетост, како и до сопствениците на објектите утврдени во членот 12 од овој закон, во рок шест месеци од денот на започнувањето со примена на овој закон.

(2) Сопственик на објект кој е изграден на градежната парцела, односно сопственик на градежното неизградено земјиште кое е дел од градежна парцела, на кои согласно со планската документација е утврден процент на озеленетост, се должни да извршат подигање на зеленилото согласно со процентот на озеленетост на предметната градежната парцела кој е утврден во планската документација, во рок од една година од денот на прием на известувањето од ставот (1) на овој член.

(3) Сопственик на објект со намена со намена-тешка и загадувачка индустрија (Г1) согласно со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, е должен да изврши подигање на зеленилото согласно со членот 12 ставови (1) и (2) од овој закон, во рок од шест месеци од денот на прием на известувањето од ставот (1) на овој член.

Член 34

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 35

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува од 1 септември 2016 година.

---

**L I GJ**
**PËR GJELBËRIM**

I. DISPOZITA TË PËGJITHSHME

**1. Lënda e Ligjit**

Neni 1

Me këtë ligj rregullohen të drejtat dhe obligimet në lidhje me mbjelljen, mirëmbajten dhe shfrytëzimin e gjelbërimit, llojet e gjelbërimit, si dhe çështje tjera me rëndësi për gjelbërimin.

**2. Qëllimi i Ligjit**

Neni 2

Qëllimi i këtij ligji është përparimi i hapësirës me gjelbërim, nëpërmjet rritjes së planifikuar dhe mirëmbajtjes së gjelbërimit, për shkak të rruajtjes së cilësisë dhe shumëllojshmërisë së gjelbërimit, përmirësimit të cilësisë së ajrit, përmirësimit të cilësisë së jetës në rajonet e qyteteve dhe përparimi i mjedisit jetësor.

**3. Përkufizime**

Neni 3

Shprehje të caktuara të përdorura në këtë ligj e kanë domethënien si vijon:

1. Gjelbërime janë të gjitha llojet e gjelbërimit të parqeve dhe mbrojtëse, në pajtim me Rregulloren për standarde dhe normativa për planifikim urban, që është parashikuar me përfshirjen e planifikuar të planit të përgjithshëm urbanistik të miratuar në pajtim me Ligjin për planifikim hapësinor dhe urbanistik dhe sipërfaqet e gjelbra aktuale (parqe, park pyje, sipërfaqe për rekreacion, sipërfaqe me bar, vend për mbjellje, bulevarde dhe ngjashëm).
2. Gjelbërim për përdorim publik është gjelbërimi i dedikuar për shfrytëzim nga të gjithë personat fizikë dhe juridikë, i cili në pajtim me dokumentacionin e planifikuar është parashikuar në kuadër të parcelës ndërtimore me dedikim – banim në godina banesore (A2), me dedikim – institucione publike (V) dhe me dedikim – gjelbërim dhe rekreacion (D), në pajtim me Rregulloren për strabndarde dhe normativa për planifikim urban, si dhe gjelbërim i cili në pajtim me dokumentacionin e planifikuar është parashikuar në sipërfaqe publike.
3. Gjelbërim për përdorim privat është gjelbërimi i dedikuar për shfrytëzim nga persona të caktuar fizikë dhe juridikë, i cili në pajtim me dokumentacionin e planifikuar është parashikuar si përmbajtje shoqëruese e objektit në kuadër të parcelës ndërtimore me dedikim – banim (A) (përveç me dedikim – banimi në godinë banesore (A2)), me pjesë për dedikim komercial dhe afarist (B), me dedikim – prodhim, shpërndarje dhe servisim (G) dhe me dedikim – infrastrukturë (E), në pajtim me Rregulloren për standarde dhe normativa për planifikim urban.
4. Dokomentacioni i planit është plan i përgjithshëm urbanistik, plani i detajuar urbanistik dhe dokumentacioni i plait urbanistik të miratuara në pajtim me Ligjin për planifikim hapësinor dhe urbanistik.
5. Mbjellja e gjelbërimit do të thotë mbjellje e barit, filizëve, luleve, drurëve dhe llojeve tjera të gjelbërimit, rripërtëritja e gjelbërimit të dëmtuar si dhe ndërmarrja e masave dhe aktiviteteve tjera për gjelbërimin e hapësirës.
6. Mirëmbajtja e gjelbërimit paraqet kujdesin dhe ujitjen e gjelbërimit, ushqimin e gjelbërimit, kositjen dhe grumbullimin e barit të kositur, shartimin e shulit, kujdesin për të mbjellat, rifreskimin e materialit bimor që është tharrë, prerjen sanitare, ndërmarrjen e masave për mbrojtjen nga dëmtuesit, pastrimin e degëve të prera dhe mbeturinave nga sipërfaqet e gjelbra dhe masa dhe aktivitete tjera për rruajtjen e gjelbërimit.
7. Përqindja e gjelbërimit është raporti ndërmjet sipërfaqes së tokës ndërtimore të dedikuar për gjelbërim dhe sipërfaqes së përgjithshme të tokës ndërtimore e shprehur me përqindje.

**4. Zbatimi i ligjeve të veçanta**

Neni 4

Në procedurën gjatë kryerjes së mbikëqyrjes inspektuese do të zbatohen dispozitat e Ligjit për veprimtari komunale dhe Ligjit për mbikëqyrje inspektuese, nëse nuk është përcaktuar më ndryshe me këtë ligj.

**5. Gjelbërimi nën regjim të veçantë të mbrojtjes**

Neni 5

Nëse lloji i caktuar i gjelbërimit i nënshtrohet regjimit të veçantë të mbrojtjes në pajtim me dispozitat nga sfera e mjedisit jetësor, gjatë zbatimit të dispozitave të këtij ligji, në tërësi respektohet regjimi i përcaktuar për mbrojtje.

**6. Përcaktimi i sipërfaqeve për gjelbërim dhe përqindja e gjelbërimit**

Neni 6

Sipërfaqet për gjelbërim dhe përqindja e gjelbërmit përcaktohen në dokumentacionin e planit.

II. MBJELLJA DHE MIRËMBAJTJA E GJELBËRIMIT PËR PËRDORIM PUBLIK

**1. Organi kompetent për mbjelljen dhe mirëmabjtjen e gjelbërimit për përdorim publik**

Neni 7

(1) Organ kompetent për mbjelljen dhe mirëmbajtjen e gjelbërimit për përdorim publik janë njësitë e vetadministrimit lokal , njësitë e vetadministrimit lokal në qytetin e Shkupit dhe qyteti i Shkupit.

(2) Obligim për mbjelljen dhe mirëmbajtjen e gjelbërimit për përdorim publik në pajtim me dispozitat e këtij lgiji, kanë njësitë e vetadministrimit lokal të cilat janë me seli në qytet në pajtim me Ligjin për organizim teritorrial të vetadministrimit lokal , njësitë e vetadministrimit lokal në qytetin e Shkupit dhe qyteti i Shkupit.

(3) Qyteti i Shkupit është kompetent për mbjelljen dhe mirëmbajtjen e gjelbërimit për përdorim publik në pajtim me kompetencat e përcaktuara në Ligjin për qytetin e Shkupit .

(4) Organet kompetente nga paragrafi (1) i këtij ligji, mbjelljen dhe mirëmbajtjen e gjelbërimit për përdorim publik e kryejnë nëpërmjet ndërmarrjeve publike të cilat janë themeluar për kryerjen e veprimtarive komunale (në tekstin në vijim: ndërmarrje publike).

**2. Plani zhvillimor dhe programi vjetor për mbjellje dhe mirëmbajtje të gjelbërimit për përdorim publik**

Neni 8

(1) Mbjellja dhe mirëmbajtja e gjelbërimit për përdorim publik kryhet në bazë të planit zhvillimor dhe programit vjetor të miratuara në pajtim me Ligjin për veprimtari komunale.

(2) Në palnin zhvillimor nga paragrafi (1) i këtij neni, përcaktohen hapësirat të cilat do të jenë lëndë e gjelbërimit dhe përqindja e gjelbërimit e cila duhet të realizohet gjatë periudhës së ardhshme tre vjeçare.

Vendi i tretë i sigurt, shteti anëtar i Bashkimit Evropian, shteti anëtar i Organizatës Kontraktuese Veriatlantike (NATO) apo shteti anëtar i Asociacionit Evropian për Tregti të Lirë (EFTA), është shtet i cili i ka ratifikuar dhe i zbaton dispozitat nga Konventa për statusin e refugjatëve të vitit 1951 dhe Konventa evropiane për mbrojtjen e të drejtave të njeriut dhe lirive themelore, duke i përfshirë standardet për mjet juridik efektiv, si dhe ka vendosur procedurë për azil të përcaktuar me Ligj dhe në pajtim me Konventën për statusin e refugjatëve të vitit 1951.

Gjatë zbatimit të institutit vendi i tretë i sigurt, shteti anëtar i Bashkimit Evropian, shteti anëtar i Organizatës Kontraktuese Veriatlantike (NATO) apo shteti anëtar i Asociacionit Evropian për Tregti të Lirë (EFTA), kërkesa shqyrtohet në mënyrë individuale, me ç'rast vlerësohet nëse vendi i plotëson kushtet nga paragrafi 1 i këtij neni.

Kërkesa për njohjen e të drejtës për azil, e parashtruar nga ana e kërkuesit i cili kërkon të hyjë ose ka hyrë në mënyrë të paligjshme në territorin e Republikës së Maqedonisë, nga vendi i tretë i sigurt, shteti anëtar i Bashkimit Evropian, shteti anëtar i Organizatës Kontraktuese Veriatlantike (NATO) apo shteti anëtar i Asociacionit Evropian për Tregti të Lirë (EFTA), do të llogaritet si kërkesë qartësisht e pabazuar në pajtim me nenin 35 i këtij Ligji, duke marrë parasysh parimin e moskthimit nga neni 7 i këtij Ligji.

Kërkuesi i të drejtës për azil në kohë do të informohet për zbatimin e institutit vendi i tretë i sigurt, shtet anëtar i Bashkimit Evropian, shtet anëtar i Organizatës Kontraktuese Veriatlantike (NATO) apo shtet anëtar i Asociacionit Evropian për Tregti të Lirë (EFTA), si dhe mundësinë për përdorimin e mjetit juridik.

Sektori për azil, kërkuesit kërkesa e të cilit llogaritet si qartësisht e pabazuar, në pajtim me nenin 35 të këtij ligji do t'i lëshojë vërtetim në gjuhën e vendit të tretë të sigurt, shtetit anëtar të Bashkimit Evropian, shtetit anëtarë të Organizatës Kontraktuese Veriatlantike (NATO) apo shtetit anëtar të i Asociacionit Evropian për Tregti të Lirë (EFTA), prej nga vijnë, me të cilën informohen organet shtetërore të vendit të tretë, se në Republikën e Maqedonisë kërkesa në mënyrë thelbësore nuk është shqyrtuar".

Neni 3

Në nenin 18 paragrafi 3 pas fjalës "tri" shtohet fjala "pune".

Neni 4

Në nenin 35 paragrafi 1 në alinenë 4 lidhëza "dhe" në fund të fjalisë zëvendësohet me pikëpresje.

Në alinenë 5 pika në fund të fjalisë zëvendësohet me lidhëzën "dhe".

Pas alinesë 5 shtohet aline e re 6, si vijon:

"-nëse personi ka arritur nga Vendi i tretë i sigurt, shteti anëtar i Bashkimit Evropian, shteti anëtar i Organizatës Kontraktuese Veriatlantike (NATO), në pajtim me nenin 10-a të këtij ligji.".

Neni 5

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

**2036.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**УКАЗ**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СЕМЕНСКИ И САДЕН МАТЕРИЈАЛ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ РАСТЕНИЈА**

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 4 април 2016 година.

Бр. 08-2047/1
4 април 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**ЗАКОН**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СЕМЕНСКИ И САДЕН МАТЕРИЈАЛ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ РАСТЕНИЈА**

Член 1

Во Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија („Службен весник на Република Македонија" број 39/2006, 89/2008, 171/10, 53/11, 69/13, 187/13, 43/14, 129/15 и 39/16), по членот 5 се додава нов наслов и нов член 5-а, кои гласат:

„Регистрирање на снабдувачи на семенски и саден материјал од автохтони сорти

Член 5-а

(1) Снабдувачите на семенски и саден материјал од автохтони сорти кои се запишани во Националната сортна листа се водат во посебен регистар кој се води во Управата.

(2) Запишувањето во регистарот од ставот (1) на овој член се врши со поднесување на барање до Управата.

(3) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги пропишува условите, формата и содржината на барањето.

(4) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ја пропишува содржината и начинот на водењето на регистарот од ставот (1) на овој член.".

Член 2

Подзаконските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**L I GJ**
**PËR PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR MATERIAL FAROR DHE PËR MBËLTIM PËR BIMË BUJQËSORE**

Neni 1

Në Ligjin për material faror dhe për mbëltim për bimë bujqësore (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 39/2006, 89/2008, 171/10, 53/11, 69/13, 187/13, 43/14, 129/15 dhe 39/16), pas nenit 5 shtohet titull i ri dhe neni i ri 5-a, si vijojnë:

“Regjistrimi i furnizuesve të materialit faror dhe për mbëltim të llojeve autoktone

Neni 5-a

(1) Furnizues të materialit faror dhe për mbëltim të llojeve autoktone të cilët janë regjistruar në Listën nacionale të llojeve mbahen në regjistër të posaçëm i cili mbahet në Drejtori.

(2) Regjistrimi në regjistrin nga paragrafi (1) i këtij neni kryhet me parashtrimin e kërkesës te Drejtoria.

(3) Ministri i Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave i përcakton kushtet, formën dhe përmbajtjen e kërkesës.

(4) Ministri i Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave i përcakton përmbajtjen dhe mënyrën e mbajtjes së regjistrit nga paragrafi (1) i këtij neni.”.

Neni 2

Dispozitat nënligjore të parapara me këtë ligj do të miratohen në afat prej 30 ditësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 3

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në “Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**2037.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за градење,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 5 април 2016 година.

Бр. 08-2080/1
5 април 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ**

Член 1

Во Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16 и 39/16), во членот 73 став (1) по алинејата 26 се додаваат четири нови алинеи 27, 28, 29 и 30, кои гласат:

„-електронски информативни и рекламни паноа (со површина над 30 м2 и со конструктивни елементи) кои се поставуваат на јавни површини,

-плажи со придружни објекти кои се градат на копнена и на водена површина, во рамки на простор предвиден за плажа,

-пешачки патеки,

-подземни бунари со линиски системи кои се во фукција на бунарите,“.

Член 2

По членот 78 се додава нов член 78-а, кој гласи:

„Член 78-а

(1) При изградба на државни и општински патишта може да се формира одлагалиште на земјиште, кое претставува простор на кој се одлага земјиште при изградба на пат.

(2) За формирање на одлагалиште на земјиште, инвеститорот на државниот, односно општинскиот пат доставува проект за инфраструктура, кој го одобрува надлежниот орган од ставот (3) на овој член.

(3) Проектот за инфраструктура за одлагалиште на земјиште на државен пат го одобрува органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, а за одлагалиште на земјиште на општински пат го одобрува општината, општината во градот Скопје, односно градот Скопје.

(4) Одлагалиштето на земјиште може да се користи, доколку земјиштето опфатено со проектот за инфраструктура со кој е формирано одлагалиштето е сопственост на Република Македонија, а доколку не е сопственост на Република Македонија, односно истото е во сопственост на физичко или правно лице, може да се користи по решавање на имотно-правните односи со сопственикот на земјиштето.

(5) Формирањето на одлагалиште на земјиште на државен пат и на општински пат претставува јавен интерес.“.

Член 3

Во членот 80 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, за урбана опрема-електронски информативни и рекламни паноа (со површина над 30 м2 и со конструктивни елементи) кои се поставуваат на јавни површини, се издава решение согласно со членот 74 од овој закон.“.

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

**L I GJ**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR NDËRTIM**

Neni 1

Në Ligjin për ndërtim („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16 dhe 39/16) në nenin 73 në paragrafin (1) pas alinesë 26 shtohen katër aline të reja 27,28,29 dhe 30 si vijojnë:

"- pano reklamuese elektronike informative (me sipërfaqe mbi 30 m2 dhe me elemente konstruktive) të cilat vendosen në sipërfaqe publike),

-plazhe me objekte shoqëruese të cilat ndërtohen në sipërfaqe tokësore dhe ujore në kuadër të hapësirës së paraparë për plazh,

-shtigje për këmbësorë,

-puse nëntokësore me sisteme të linjës të cilat janë në funksion të puseve,".

Neni 2

Pas nenit 78 shtohet neni i ri 78-a si vijon:

"Neni 78-a

(1) Gjatë ndërtimit të rrugëve shtetërore dhe komunale mund të formohet venddepozitim i tokës, e cila paraqet hapësirë në të cilën depozitohet toka gjatë ndërtimit të rrugës.

(2) Për formimin e venddepozitimit të tokës, investitori në rrugë shtetërore respektivisht komunale dorëzon projekt për infrastrukturë, të cilin e miraton organi kompetent nga paragrafi (3) të këtij neni.

(3) Projekti për infrastrukturë për venddepozitim të tokës në rrugë shtetërore e miraton organi i administratës shtetërore kompetent për kryerjen e punëve nga sfera e rregullimit të hapësirës, për venddepozitim të tokës në rrugë komunale e miraton komuna, komuna e qytetit të Shkupit respektivisht qyteti i Shkupit.

(4) Venddepozitimi i tokës mund të shfrytëzohet nëse toka është përfshirë me projektin për infrastrukturë me të cilin është formuar venddepozitimi është në pronësi të Republikës së Maqedonisë, kurse nëse nuk është në pronësi të Republikës së Maqedonisë respektivisht e njëjta është në pronësi të personit fizik ose juridik, mund të shfrytëzohet pas zgjidhjes së marrëdhënieve juridike pronësore me pronarin e tokës.

(5) Formimi i venddepozitimit në tokë në rrugë shtetërore dhe në rrugë komunale, paraqet interes publik.".

Neni 3

Në nenin 80 pas paragrafit (2) shtohet paragrafi i ri (3), si vijon:

"(3) Me përjashtim nga paragrafi (2) të këtij neni, për pajisje urbane elektronike informative dhe pano reklamuese (me sipërfaqe mbi 30 m2 dhe me elemente konstruktive) të cilat vendosen në sipërfaqe publike, lëshohet aktvendim në pajtim me nenin 73 të këtij ligji.".

Neni 4

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë."

---

**2038.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за јавните патишта,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 5 април 2016 година.

Бр. 08-2081/1
5 април 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА

Член 1

Во Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ број 84/2008, 52/2009, 114/2009, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15 и 31/16) во членот 27 по ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„(4) На магистрални, регионални и локални патишта и улици во населените места, на приодите кон училиштата, детски установи, болници, спортски објекти и други места, во близина на пешачки премин, можат да се поставуваат сообраќајно техничките средства за забавување на сообраќајот согласно со прописите за безбедност во сообраќајот.”.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија’’.

---

## L I GJ
## PËR PLOTËSIM TË LIGJIT PËR RRUGË PUBLIKE

Neni 1

Në Ligjin për rrugë publike ("Gazeta Zyrtare e Republikës Maqedonisë" numër 84/2008, 52/2009, 114/2009, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15 dhe 31/16) në nenin 27 pas paragrafit 3 shtohet paragrafi i ri 4, si vijon:

"(4) Në rrugët magjistrale, rajonale dhe rrugët dhe rrugicat lokale në vendbanime, në qasjet drejt shkollave, institucioneve të fëmijëve, spitaleve, objekteve sportive dhe vendeve tjera, në afërsi të vendkalimit për këmbësorë, mund të vendosen mjete teknike komunikacioni për ngadalësim të komunikacionit në pajtim me rregullat për siguri në komunikacion.".

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**2039.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СИГУРНОСТ ВО ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СИСТЕМ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за сигурност во железничкиот систем,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 5 април 2016 година.

Бр. 08-2082/1
5 април 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СИГУРНОСТ ВО ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СИСТЕМ

Член 1

Во Законот за сигурност во железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија“ број 48/10, 23/11, 53/11, 158/11, 137/13, 163/13, 42/14, 166/14, 147/15, 193/15, 31/16 и 52/16), во членот 13 став (6) зборовите: „Субјектот задолжен за одржување на железничките возила“ се заменуваат со зборовите: „Субјектот задолжен за одржување на железничките возила-превозник, управител на инфраструктура или имател“.

Член 2

Одредбите од членот 13 став (6) од овој закон, а кој се однесуваат на субјектот задолжен за одржување на железнички возила-превозник, нема да се применуваат 12 месеци од денот на влегувањето на сила на овој закон.

До започнување на примена на одредбата на ставот (1) на овој член, работите на одржување на железничките возила за потребите на субјектот задолжен за одржување на железнички возила-превозник, ќе ги врши правното лице основано од Владата на Република Македонија кое е регистрирано за вршење на дејноста одржување на железнички возила и ги исполнува условите согласно со овој закон.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

---

## L I GJ
## PËR NDRYSHIM TË LIGJIT PËR SIGURI NË SISTEMIN HEKURUDHOR

Neni 1

Në Ligjin për siguri në sistemin hekurudhor ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 48/10, 23/11, 53/11, 158/11, 137/13, 163/13, 42/14, 166/14, 147/15, 193/15, 31/16 dhe 52/16), në nenin 13 paragrafi (6) fjalët: "Subjekti i ngarkuar për mirëmbajtjes e mjeteve hekurudhore" zëvendësohen me fjalët: “Subjekti i ngarkuar për mirëmbajtjen e mjeteve hekurudhore-transportues, drejtori i infrastrukturës ose poseduesi".

Neni 2

Dispozitat nga neni 13 paragrafi (6) të këtij ligji, e që kanë të bëjnë me subjektin e ngarkuar për mirëmbajtje të mjeteve hekurudhore-transportues, nuk do të zbatohen 12 muaj nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Deri në fillimin e zbatimit të dispozitës nga paragrafi (1) të këtij neni, punët e mirëmbajtjes së mjeteve hekurudhore për nevojat e subjektit të ngarkuar për mirëmbajtjen e mjeteve hekurudhore-transportues, do t’i kryejë personi juridik i themeluar nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë i cili është regjistruar për kryerjen e veprimtarisë mirëmbajtjen e mjeteve hekurudhore dhe i plotëson kushtet në pajtim me këtë ligj.

Neni 3

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

**2040.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕВОЗ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 5 април 2016 година.

Бр.08-2083/1
5 април 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕВОЗ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ

Член 1

Во Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ број 68/2004, 127/2006, 114/2009, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11 и 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15 и 37/16), во членот 3 став 1 во точката 14 зборовите: „почетната до крајната автобуска станица или стојалиште” се заменуваат со зборовите: „почетната категоризирана автобуска станица до крајната категоризирана автобуска станица”.

Во точката 41-а зборовите: „во книжна или електронска форма” се заменуваат со зборовите: „како фискална сметка со наведена релација или билет во книжна форма со прилог фискална сметка или во електронска форма”.

По точката 41-б се додава нова точка 41-в, која гласи:

„41-в) Орган за оцена на компетентност на правното лице од членот 69 став 4 од овој закон е Институт за акредитација.“.

Член 2

Во членот 4-а зборовите: „даночниот број на превозникот“ се заменуваат со зборовите: „единствениот матичен број на субјектот-превозникот“.

Член 3

Во членот 7 став 2 по зборовите: „вклучувајќи ја и приколката“ се додаваат зборовите: „односно возила со најмногу осум седишта сметајќи го и седиштето на возачот“.

Член 4

Во членот 9 став 3 зборовите: „и/или патници“ се бришат.

Член 5

Во членот 9-а по зборот „потврда“ се додаваат зборовите: „за секое возило одделно“.

Член 6

Во членот 14 став 4 се менува и гласи:

„Евиденцијата ги опфаќа следниве податоци:

- единствениот матичен број на субјектот, назив и седиште на превозникот,
- видови на лиценци кои превозникот ги поседува, сериски број и нивна важност,
- име и презиме на одговорното лице за превоз и број на сертификат за професионална компетентност на управителот, односно овластено лице одговорно за превоз,
- марка, тип и регистарски број и други податоци за возилата за кои е издаден извод од лиценцата,
- име и презиме на возач, единствен матичен број (ЕМБГ) и сертификат за учество на возачите во меѓународниот патен сообраќај,
- дали е во сила правосилна судска одлука за кривични дела против имотот, стопанството или безбедноста во сообраќајот,
- изречени мерки против превозници врз основа на овој закон, односно на меѓународни договори,
- видови на дозволи кои му се издадени на превозникот за превоз на патници и стока, нивна важност, сериски број и други податоци кои се однесуваат на дозволите и
- податоци за финансиската стабилност на превозникот.“.

Член 7

Во членот 22 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„На електронските карти на корисниците на линискиот превоз во град Скопје, во зависност од категоријата на корисникот, се внесуваат следниве податоци име и презиме, ЕМБГ, адреса на живеалиште, датум на раѓање, фотографија заради визуелна контрола, правно лице, односно институцијата во која работи, име на образовната институција, клас, учебна година, тарифна категорија (ученик, пензионер, вработен и т.н), населено место и општина.“.

Член 8

Во членот 23 по ставот 6 се додава нов став 7, кој гласи:

„Возачот кој превозот го врши согласно со спогодбата од ставот 2 на овој член е должен истиот да го врши во согласност со дозволата и возниот ред за линијата и да постапува согласно со членот 34 од овој закон.“.

Член 9

Во членот 25-а по зборовите: „двајцата превозници“ се додаваат зборовите: „за промена на сопственоста на превозникот“.

Член 10

Во членот 28 став 2 во алинејата 9 по зборовите: „и обратно“ се додаваат зборовите: „притоа имајќи ги предвид временските интервали утврдени во членот 24-а ставови 6 и 7 од овој закон“.

Член 11

Во членот 34 став 1 по зборовите: „само на“ се додаваат зборовите: „категоризирани“.

Во ставот 2 по зборот „постојат“ се додава зборот „категоризирани“.

Член 12

Во членот 35 став 1 зборот „Превозникот“ се заменува со зборовите: „Возачот кој го управува возилото“ и по зборовите: „застане на“ се додава зборот „категоризирана“.

Во ставот 2 зборот „Превозникот“ се заменува со зборовите: „Возачот кој го управува возилото“ и по зборовите: „на секоја“ се додава зборот „категоризирана“.

Член 13

Во членот 36 став 1 зборовите: „претходна согласност на“ се заменуваат со зборовите: „претходно издадени дозволи од“.

Член 14

Во членот 37 став 2 зборовите: „заверен на нотар“ се бришат.

По ставот 5 се додаваат три нови става 6, 7 и 8, кои гласат:

„Доколку во рок од 12 месеци од денот на започнување на постапка за издавање на билатерална дозвола истата не се издаде од страна на надлежниот орган на странската земја, одобрениот возен ред за автобуската линија се брише од евиденцијата на возни редови.

Доколку е исполнет условот од ставот 6 на овој член, министерството донесува решение за бришење на возниот ред.

Против решението од ставот 7 на овој член може да се поведе управен спор.“.

Во ставот 6 кој станува став 9 по зборовите: „издадените дозволи“ се додаваат зборовите: „и регистрираните возни редови“.

Ставот 7 кој станува став 10 се менува и гласи:

„Формата и содржината на регистарот од ставот 9 на овој член ја пропишува министерот за транспорт и врски.“.

Член 15

Во членот 38-а став 1 се менува и гласи:

„Домашниот и странскиот превозник спогодбено го определуваат режимот на одржување на возниот ред врз основа на принципот на реципроцитет, односно може со режимот на одржување да се определи поаѓањата во возниот ред да ги одржуваат двајцата превозници истовремено или двајцата превозници наизменично или само домашниот превозник или само странскиот превозник.”.

Член 16

Во членот 44 став 7 алинеите 1, 2 и 5 се бришат.

Член 17

Во членот 52 став 2 зборовите: „подрачјето определено“ се заменуваат со зборовите: „општината определена“.

Ставот 3 се менува и гласи:

„Со авто такси превозот можат да се превезуваат и патници од општината определена во лиценцата до друга општина или до градот Скопје“.

Член 18

Во членот 56 став 1 зборовите: „Автобуската станица“ се заменуват со зборовите: „Правното или физичко лице кое управува со автобуската станица“.

Ставот 2 се менува и гласи:

„Правното или физичко лице кое управува со автобуската станица може да врши резервација и продажба на билети само за линиите за кои е издадена дозвола и е регистриран возен ред“.

Член 19

Во членот 57 став 1 по зборовите: „управува со“ се додава зборот „категоризирана“.

Во ставот 2 по зборовите: „услугите на“ се додаваат зборовите: „категоризираната автобуска“.

Во ставот 6 зборовите: „работното време,“ се бришат.

Член 20

По членот 57 се додаваат два нови члена 57-а и 57-б, кои гласат:

„Член 57-а

Категоризација на автобуска станица може да се одземе доколку:

- правното или физичкото лице кое управува со автобуската станица поднесе барање за одземање на категоризација на автобуската станица,

- правното или физичкото лице кое управува со автобуската станица престане да ги исполнува условите за категоризација на автобуската станица и

- во општини каде што има категоризирани две автобуски станици, правното или физичкото лице кое управува со едната автобуска станица поднесе барање за одземање на категоризацијата на другата автобуска станица поради неисполнување на условите за категоризација.

Во случај на поднесено барање за одземање на категоризација врз основа на ставот 1 алинеја 3 на овој член, министерството по службена должност прибавува докази заради утврдување на основаноста на барањето.

По поднесеното барање за одземање на категоризацијата на автобуска станица министерството за транспорт и врски ќе донесе решение во рок од 15 дена од денот на комплетирање на барањето.

Против решението од ставот 3 на овој член може да се поведе управен спор.

Член 57-б

Категоризирање во пониска категорија на автобуска станица може да определи доколку:

- правното или физичкото лице кое управува со автобуската станица поднесе барање за категоризација на автобуската станица во пониска категорија,

- правното или физичкото лице кое управува со автобуската станица престане да ги исполнува условите за категоризација на автобуската станица во категоријата во која е категоризирани, односно кога исполнува услови за пониска категоризација,

- во општини каде што има категоризирани две автобуски станици, правното или физичкото лице кое управува со едната автобуска станица поднесе барање за промена на категоризација во пониска категорија на другата автобуска станица поради исполнување на условите за пониска категорија.

Во случај на поднесено барање за промена на категоризација врз основа на ставот 1 алинеја 3 на овој член, министерството по службена должност прибавува докази заради утврдување на основаноста на барањето.

По поднесеното барање за промена на категоризацијата на автобуска станица министерството ќе донесе решение во рок од 15 дена од денот на комплетирање на барањето.

Против решението од ставот 3 на овој член може да поведе управен спор.“.

Член 21

Членот 58 се менува и гласи:

„Правното или физичко лице кое управува со категоризирана автобуската станица може да прифаќа и отпремува и автобуси со кои се врши слободен превоз на патници во согласност со расположливиот број посебни перони за оваа намена што мораат да бидат посебно обележани.“.

Член 22

Во членот 59 по зборовите: „работното време на“ се додаваат зборовите: „категоризираната автобуска“.

Член 23

Членот 60 се менува и гласи:

„Правното или физичко лице кое управува со категоризирана автобуската станица е должно да води дневник во електронска или во хартиена форма на доаѓањето и поаѓањето на автобусите.

Правното или физичко лице кое управува со категоризирана автобуската станица е должно еднаш месечно да го извести Државниот инспекторат за транспорт за неизвршување на превозот на определена линија.

Возачот на автобусот е должен да го пријави времето на секое доаѓање и поаѓање на автобусот на категоризираната автобуска станица, при што во патниот налог автобуската станица го потврдува времето на поаѓање и доаѓање на возилото.

Формата, содржината и начинот на водење на дневникот од ставот 1 и извештајот од ставот 2 на овој член го пропишува министерот за транспорт и врски.“.

Член 24

Во членот 69 став 3 зборовите: „сертификат за подготвеност за сообраќај на возилата“ се заменуваат со зборовите: „ЕКМТ тест сертификатот за подготвеност за сообраќај на товарните моторни и приклучни возила“.

Ставот 4 се менува и гласи:

„Техничката служба за единечно одобрување на возила, за да врши работи на издавање на сертификатот од ставот 3 на овој член, треба да е овластена од страна на министерството, а врз основа на акредитација од страна на органот за оцена на компетентност.”.

По ставот 4 се додаваат пет нови става 5, 6, 7, 8 и 9, кои гласат:

„Правните субјекти од ставот 4 на овој член доставуваат кон барањето за добивање на овластување од Министерството за транспорт и врски документ дека барателот има овластување за техничка служба за единечно одобрување на возила и сертификат од Институт за акредитација за вршење на работи од ставот 3 на овој член.

Доказите за исполнетост на условите од ставот 5 на овој член, ги прибавува овластеното службено лице од Министерството за транспорт и врски кое ја води постапката за добивање на овластување за вршење на работи од ставот 3 на овој член, кое е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето да ги побара доказите од надлежниот јавен орган.

Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараните докази од ставот 5 на овој член да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

Овластеното службено лице во Министерството за транспорт и врски е должно да одлучи по барањето за добивање на овластување во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето.

Против решението на Министерството за транспорт и врски со кое барањето за добивање на овластување се одбива може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.“.

Ставот 7 кој станува став 10 се менува и гласи:

„Начинот за спроведување на прегледот на возилата врз основа на кој се издава сертификатот од ставот 3 на овој член, формата и содржината на сертификатот, како и формата и содржината на барањето од ставот 5 на овој член ги пропишува министерот за транспорт и врски.“.

Член 25

Во членот 78 став 2 зборовите: „патниот лист од членот 49 став 2 на овој закон“ се заменуваат со зборовите: „список на патници“.

Член 26

Во членот 87-б став 4 во алинејата 3 бројот „300“ се заменува со бројот „240“, а зборот „сообраќајот“ се заменува со зборот „техничките“.

Член 27

Во членот 87-в став 1 во алинејата 5 бројот „300“ се заменува со бројот „240“, а зборот „сообраќајот“ се заменува со зборот „техничките“.

Член 28

Во членот 88 став 1 по алинејата 8 се додава нова алинеја 9, која гласи:

„- превозот утврден во членот 52 став 3 од овој закон“.

Член 29

Во членот 89 став 1 во алинејата 4 зборовите: „со предлог за бришење на возниот ред од евиденцијата“ се бришат.

По алинејата 6 се додава нова алинеја 7, која гласи:

„- одземање на лиценцата за авто-такси превоз доколку превозникот постапува спротивно на членот 52 став 3 на овој закон“.

Член 30

Во членот 96 став 1 по точката 5-а се додава нова точка 5-б, која гласи:

„5-б) врши авто-такси превоз спротивно на членот 52 став 3 од овој закон“.

Член 31

Во членот 97 став 1 во точката 4 по зборовите: „член 20 став 2“ се додаваат зборовите: „и член 23“.

Член 32

Во членот 99 став 1 по точката 2 се додава нова точка 2-а, која гласи:

„2-а) превозникот не постапил согласно со членот 11 став 5 на овој закон;“.

Член 33

Во членот 99-а став 1 точката 3-а) се брише.

Во ставот 3 зборовите: „точка 3“ се заменуват со зборовите: „точки 1 и 3“.

По ставот 8 се додава нов став 9, кој гласи:

„За прекршоците од ставот 1 точка 3 на овој член на странски превозник му се издава мандантен платен налог во износ од 1.500 евра во денарска противвредност, времено му се одзема сообраќајната дозвола и му се изрекува дополнителна мерка забрана за движење на возилото на територијата на Република Македонија до исплата на изречената глоба. Инспекторот за патен сообраќај задолжително ги известува надлежните погранични служби за изречената дополнителна мерка забрана за движење на предметното возило на територијата на Република Македонија.“.

Член 34

Во членот 99-б став 1 во воведната реченица зборовите: „на самото место на прекршокот“ се бришат.

Член 35

Во членот 99-в став 1 во првата реченица сврзникот „и“ се заменува со запирка и по зборот „99-б“ се додаваат зборовите: „и 99-д“.

Член 36

Во членот 99-е став 1 по зборовите: „член 8 став 6“ се додаваат зборовите: „и член 69 став 6“.

Во ставот 3 по зборовите: „член 8 став 8“ се додаваат зборовите: „и член 69 став 7“.

Во ставот 4 по зборовите: „член 8 став 8“ се додаваат зборовите: „и член 69 став 8“.

Член 37

Правните лица од членот 69 став 4 од овој закон кои се стекнале со овластување за издавање на сертификат за подготвеност за сообраќај за возилата до денот на влегувањето во сила на овој закон треба да го усогласат своето работење со одредбите од овој закон најдоцна до 1 септември 2017 година.

Член 38

Подзаконските акти утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 39

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија број 97/15), во членот 10 зборовите: „треба да се заменат согласно со одредбата од членот 2 од овој закон со која се дополнува членот 8-б со доставување на барање до Министерството за транспорт и врски од страна на возачите најдоцна до 1 јуни 2016 година и иститe“ се бришат.

Член 40

Се овластува Законодавно-правната комисија при Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за превоз во патниот сообраќај.

Член 41

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

**L I GJ**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR TRANSPORT NË KOMUNIKACIONIN RRUGOR**

Neni 1

Në Ligjin për transport në komunikacionin rrugor (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 68/2004, 127/2006, 114/2009, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11 dhe 6/12 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15 dhe 37/16), në nenin 3 paragrafi 1 në pikën 14 fjalët: “stacioni i nisjes deri në stacionin ose vendndalimin e fundit e autobusëve” zëvendësohen me fjalët: “stacioni i nisjes i kategorizuar i autobusëve deri në stacionin e fundit të kategorizuar të autobusëve”.

Në pikën 41-a fjalët: “në formë të letrës ose elektronike” zëvendësohet me fjalët: “si llogari fiskale me relacion të theksuar ose biletë në formë të letrës me llogari fiskale me shtojcë të llogarisë fiskale ose në formë elektronike”.

Pas pikës 41-b shtohet pikë e re 41-v, si vijon:

“41-v) Organi për vlerësim të kompetencës së personit juridik nga neni 69 paragrafi 4 të këtij ligji është Instituti për Akreditim.”.

Neni 2

Në nenin 4-a fjalët: “numri tatimor i transportuesit” zëvendësohet me fjalët: “numri unik amë i subjektit-transportuesit”.

Neni 3

Në nenin 7 paragrafi 2 pas fjalëve: “ duke e përfshirë edhe rimorkion” shtohen fjalët: “përkatësisht automjete me më së shumti tetë ulëse duke llogaritur edhe ulësen e shoferit”.

Neni 4

Në nenin 9 paragrafin3 fjalët: “dhe/ose udhëtarë” shlyhen.

Neni 5

Në nenin 9-a pas fjalës “vërtetim” shtohen fjalët: “për çdo automjet veçmas”.

Neni 6

Në nenin 14 paragrafi 4 ndryshohet si vijon:

“Evidentimi i përfshin të dhënat në vijim:

- numrin unik amë të subjektit, emrin dhe selinë të transportuesit,
- llojet e licencave që transportuesi i posedon, numrin serik dhe vlefshmërinë e tyre,
- emrin dhe mbiemrin e personit përgjegjës për transport dhe numrin e certifikatës për kompetencë profesionale të drejtuesit, përkatësisht personit të autorizuar përgjegjës për transport,
- markën, llojin dhe numrin regjistrues dhe të dhëna tjera për automjetet për të cilat është e lëshuar certifikatë e licencës,
- emrin dhe mbiemrin e shoferit, numrin unik amë (NUAQ) dhe certifikatën për pjesëmarrje të shoferëve në komunikacionin ndërkombëtar rrugor ,
- nëse është në fuqi vendimi gjyqësor i plotfuqishëm për vepra penale kundër pronës, ekonomisë ose sigurisë në komunikacion,
- masa e shqiptuara kundër transportuesve në bazë të këtij ligji, përkatësisht të marrëveshjeve ndërkombëtare,
- lloje të lejeve që i janë lëshuar transportuesit për transport të udhëtarëve dhe mallrave, vlefshmëria e tyre, numri serik dhe të dhëna të tjera që kanë të bëjnë me lejet dhe
- të dhënat për stabilitetin financiar të transportuesit.”.

Neni 7

Në nenin 22 pas paragrafi 2 shtohet paragraf i ri 3, si vijon:

“Në biletat elektronike të shfrytëzuesve të linjës së transportit në qytetin e Shkupit, në varësi nga kategorizimi i shfrytëzuesit, vendosen të dhënat në vijim: emri dhe mbiemri, NUAQ, adresa e vendbanimit, data e lindjes, fotografia për shkak kontrollit vizual, personi juridik përkatësisht institucioni në të cilin punon, emri i institucionit arsimor, klasa, viti shkollor, kategoria tarifore (nxënës, pensionist, i punësuar etj) vendbanimi dhe komuna.”.

Neni 8

Ne nenin 23 pas paragrafit 6 shtohet paragraf i ri 7, si vijon:

“Shoferi që transportin e kryen në pajtim me marrëveshjen nga paragrafi 2 i këtij neni është i detyruar në pajtim me lejen dhe itinerarin për linjën dhe të veprojë në pajtim me nenin 34 të këtij ligji.”.

Neni 9

Në nenin 25-a pas fjalëve: “dy transportues” shtohen fjalët: “për ndryshim të pronësisë së transportuesit”.

Neni 10

Në nenin 28 paragrafi 2 në alinenë 9 pas fjalëve: “dhe anasjelltas” shtohen fjalët: “me këtë rast duke pasur parasysh intervalet kohore të përcaktuara në nenin 24-a paragrafët 6 dhe 7 të këtij ligji”.

Neni 11

Në nenin 34 paragrafi 1 pas fjalëve: “vetëm në” shtohen fjalët: “të kategorizuara”

Në paragrafin 2 pas fjalës “ekzistojnë” shtohen fjalët: “të kategorizuara”.

Neni 12

Në nenin 35 paragrafi 1 fjala “Transportuesi” zëvendësohet me fjalët: “Shoferi që e drejton automjetin” dhe pas fjalëve: “ndalet në” shtohen fjalët: “të kategorizuar”.

Në paragrafin 2 fjala “Transportuesi” zëvendësohet me fjalët: “Shoferi që e drejton automjetin” dhe pas fjalëve: “në çdo” shtohet fjala “të kategorizuar”.

Neni 13

Në nenin 36 paragrafi 1 fjalët: “pëlqimi paraprak të” zëvendësohen me fjalët: “lejet e lëshuara paraprake nga”.

Neni 14

Në nenin 37 paragrafin 2 fjalët: ”të vërtetuara te noteri” shlyhen.

Pas paragrafit 5 shtohen tre paragrafë të rinj 6, 7 dhe, 8 si vijojnë:

“Nëse në afat prej 12 muajsh nga dita e fillimit të procedurës për lëshim të lejes bilaterale e njëjta nuk lëshohet nga ane organit kompetent të vendit të huaj, itinerari i miratuar për linjën e autobusëve shlyhet nga evidenca e itinerareve.

Nëse është i plotësuar kushti nga paragrafi 6 i këtij neni, ministria miraton aktvendim për shlyerje të itinerarit.

Kundër aktvendimit nga paragrafi 7 i këtij neni mund të ngrihet kontekst administrativ.”.

Në paragrafin 6 që bëhet paragraf 9 pas fjalëve: “leje të lëshuara” shtohen fjalët: “dhe itinerar të regjistruar“.

Paragrafi 7 që bëhet paragraf 10 ndryshohet si vijon:

"Formën dhe përmbajtjen e regjistrit nga paragrafi 9 i këtij neni i përcakton ministri i Transportit dhe Lidhjeve.".

Neni 15

Në nenin 38-a paragrafi 1 ndryshohet si vijon:

"Transportuesi vendas dhe i huaj me marrëveshje e përcaktojnë regjimin e mbajtjes së itinerarit në bazë të principit të reciprocitetit përkatësisht mundet me regjimin e mbajtjes të përcaktohet nisjen e itinerarit t’i mbajnë dy transportuesit njëkohësisht ose dy transportuesit reciprokisht ose vetëm transportuesi vendas ose vetëm transportuesi i huaj.".

Neni 16

Në nenin 44 paragrafi 7 alinetë 1, 2 dhe 5 shlyhen.

Neni 17

Në nenin 52 paragrafi 2 fjalët: “rajoni i caktuar” zëvendësohen me fjalët: “komuna e caktuar”.

Neni 3 ndryshohet si vijon:

“Me transportin auto taksi mund të transportohen edhe udhëtarët nga komuna e përcaktuar në licencë deri në komunën tjetër ose deri në qytetin e Shkupit”.

Neni 18

Në nenin 56 paragrafi 1 fjalët: “Stacioni i autobusëve” zëvendësohen me fjalët: “Personi juridik ose fizik që menaxhon me stacionin e autobusëve”.

Paragrafi 2 ndryshohet si vijon:

“Personi juridik ose fizik që menaxhon me stacionin e autobusëve mund të kryejë rezervime dhe shitje të biletave vetëm për linjat për të cilat është lëshuar leje dhe është regjistruar itinerar”.

Neni 19

Në nenin 57 paragrafi 1 pas fjalëve: “menaxhon me” shtohen fjalët: “të kategorizuar”.

Në paragrafin 2 pas fjalëve: “shërbime të” shtohen fjalët: “stacionit të kategorizuar të autobusëve”.

Në paragrafin 6 fjalët: “orari i punës” shlyhen.

Neni 20

Pas nenit 57 shtohen dy nene të reja 57-a dhe 57-b, si vijojnë:

"Neni 57-a

Kategorizimi i stacionit të autobusëve mundet të hiqet nëse:

- personit juridik ose fizik që menaxhon me stacionin e autobusëve parashtron kërkesë për heqjen e kategorizimit të stacionit të autobusëve,
- personi juridik ose fizik që menaxhon me stacionin e autobusëve pushon t'i plotësojë kushtet për kategorizim të stacionit të autobusëve dhe
- në komuna ku ka kategorizim të dy stacioneve të autobusëve, personi juridik ose fizik që menaxhon me njëri stacion të autobusëve parashtron kërkesë për heqjen e kategorizimit të stacionit tjetër të autobusëve për shkak të mos plotësimit të kushteve të kategorizimit".

Në rast të kërkesës së parashtruar për heqjen e kategorizimit në bazë të paragrafit 1 alinesë 3 të këtij neni, ministria me detyrë zyrtare i grumbullon dëshmitë për përcaktimin e bazimit të kërkesës.

Me kërkesën e parashtruar për heqjen e kategorizimit të stacionit të autobusëve Ministria e Transportit dhe Lidhjeve do të miratojë aktvendim në afat prej 15 ditësh nga dita e kompletimit të kërkesës.

Kundër aktvendimit nga paragrafi 3 i këtij neni mund të ngritet kontekst administrativ.

Neni 57-b

Kategorizim në kategori më të ulët të stacionit të autobusëve mund të caktojë nëse:

- personi juridik apo fizik i cili menaxhon me stacionin e autobusëve parashtron kërkesë për kategorizimin e stacionit të autobusëve në kategori më të ulët,
- personi juridik apo fizik i cili menaxhon me stacionin e autobusëve ka pushuar t'i plotësojë kushtet për kategorizimin e stacionit të autobusëve në kategorinë në të cilën është kategorizuar përkatësisht kur plotëson kushte për kategorizim më të ulët,
- në komunat ku ka dy stacione të kategorizuara të autobusëve, personi juridik apo fizik i cili menaxhon me njërin stacion të autobusëve parashtron kërkesë për ndryshimin e kategorizimit në kategori më të ulët të stacionit tjetër të autobusëve për shkak të plotësimit të kushteve për kategori më të ulët.

Në rast të kërkesës së parashtruar për ndryshimin e kategorizimit në bazë të paragrafit 1 alinesë 3 të këtij neni, Ministria me detyrë zyrtare siguron dëshmi për shkak të përcaktimit të bazës së kërkesës.

Pas kërkesës së parashtruar për ndryshimin e kategorizimit të stacionit të autobusëve Ministria do të miratojë aktvendim në afat prej 15 ditësh nga dita e kompletimit të kërkesës.

Kundër aktvendimit nga paragrafi 3 i këtij neni mund të ngritet kontest administrativ.".

Neni 21

Neni 58 ndryshohet si vijon:

"Personi juridik apo fizik i cili menaxhon me kategorizimin e stacionit të autobusëve mund të pranojë dhe pajisë edhe autobusë me të cilët bëhet transporti falas i udhëtarëve në pajtim me numrin në dispozicion të peroneve të veçanta për këtë dedikim që duhet të jenë të shënuar në mënyrë të veçantë.".

Neni 22

Në nenin 59 pas fjalëve: "koha e punës së" shtohen fjalët: "stacioni i kategorizuar i autobusit".

Neni 23

Neni 60 ndryshohet si vijon:

"Personi juridik apo fizik i cili menaxhon me stacionin e kategorizuar të stacionit është i detyruar të mbajë ditar në formë elektronike apo në letër për arritjen dhe nisjen e autobusëve.

Personi juridik apo fizik i cili menaxhon me stacionin e kategorizuar të autobusëve është i detyruar njëherë në muaj ta njoftojë Inspektoratin Shtetëror për Transport për moskryerjen e transportit në linjë të caktuar.

Shoferi i autobusit është i detyruar ta paraqesë kohën e secilës arritje dhe nisje të autobusit në stacionin e kategorizuar të autobusëve, gjatë së cilës në urdhëresën rrugore stacioni i autobusit e vërteton kohën e arritjes dhe nisjes së automjetit.

Formën, përmbajtjen dhe mënyrën e mbajtjes së ditarit nga paragrafi 1 dhe raportin nga paragrafi 2 i këtij neni e përcakton ministri i Transportit dhe Lidhjeve.".

Neni 24

Në nenin 69 paragrafi 3 fjalët: "certifikatë për gatishmërinë për qarkullim të automjeteve" zëvendësohen me fjalë: "KEMT test certifikatën për gatishmëri të qarkullimit të automjeteve ngarkuese motorike dhe shoqëruese".

Paragrafi 4 ndryshohet si vijon:

"Shërbimi teknik për lejimin individual të automjeteve, që të kryejë punë të lëshimit të certifikatës nga paragrafi 3 i këtij neni, duhet të jetë i autorizuar nga ana e Ministrisë, ndërsa në bazë të akreditimit nga ana e organit për vlerësimin e kompetencës.".

Pas paragrafit 4 shtohen pesë paragrafë të rinj 5, 6, 7, 8 dhe 9, si vijojnë:

"Subjektet juridike nga paragrafi 4 i këtij neni dorëzojnë me kërkesën për marrjen e autorizimit nga Ministria e Transportit dhe Lidhjeve dokument se kërkuesi ka autorizim për shërbim teknik për lejim individual të automjeteve dhe certifikatë nga Instituti për Akreditim për kryerjen e punëve nga paragrafi 3 i këtij neni.

Dëshmitë për plotësimin e kushteve nga paragrafi 5 i këtij neni, i siguron personi i autorizuar zyrtar nga Ministria e Transportit dhe Lidhjeve i cili e udhëheq procedurën për marrjen e autorizimit për kryerjen e punëve nga paragrafi 3 i këtij neni, i cili është i detyruar në afat prej tri ditësh nga dita e pranimit të kërkesës t'i kërkojë dëshmitë nga organi kompetent publik.

Personi i autorizuar zyrtar nga organi kompetent publik është i detyruar dëshmitë e kërkuara nga paragrafi 5 i këtij neni t'i dorëzojë në afat prej tri ditësh nga dita e pranimit të kërkesës.

Personi i autorizuar zyrtar në Ministrinë e Transportit dhe Lidhjeve është i detyruar të vendosë për kërkesën për marrjen e autorizimit në afat prej 30 ditësh nga dita e pranimit të kërkesës.

Kundër aktvendimit të Ministrisë së Transportit dhe Lidhjeve me të cilin kërkesa për marrjen e autorizimit refuzohet mund të deklarohet ankesë në afat prej tetë ditësh nga dita e pranimit të aktvendimit te Komisioni Shtetëror për Vendimmarrje në Procedurë Administrative dhe Procedurë të Marrëdhënies së Punës në Shkallë të Dytë.".

Paragrafi 7 i cili bëhet paragrafi 10 ndryshohet si vijon:

"Mënyra e zbatimit të kontrollit të automjeteve në bazë të të cilit jepet certifikata nga paragrafi 3 i këtij neni, formën dhe përmbajtjen e certifikatës, si dhe formën dhe përmbajtjen e kërkesës nga paragrafi 5 i këtij neni i përcakton ministri i Transportit dhe Lidhjeve.".

Neni 25

Në nenin 78 paragrafi 2 fjalët: "lista rrugore nga neni 49 paragrafi 2 të këtij ligji" zëvendësohen me fjalët: "lista e udhëtarëve".

Neni 26

Në nenin 87-b paragrafi 4 në alinenë 3 numri “300” zëvendësohet me numrin “240”, ndërsa fjala “komunikacioni” zëvendësohet me fjalën "teknike".

Neni 27

Në nenin 87-v paragrafi 1 në alinenë 5 numri “300” zëvendësohet me numrin “240”, ndërsa fjala “komunikacioni” zëvendësohet me fjalën "teknike".

Neni 28

Në nenin 88 paragrafi 1 pas alinesë 8 shtohet alineja e re 9, si vijon:

“-transporti i përcaktuar në nenin 52 paragrafi 3 të këtij ligji”.

Neni 29

Në nenin 89 paragrafi 1 në alinenë 4 fjalët: “me propozim për shlyerjen e itinerarit nga evidenca” shlyhen.

Pas alinesë 6 shtohet alineja e re 7, si vijon:

“-heqja e licencës për transport auto-taksi nëse transportuesi vepron në kundërshtim me nenin 52 paragrafin 3 të këtij ligji”.

Neni 30

Në nenin 96 paragrafi 1 pas pikës 5-a shtohet pika e re 5-b, si vijon:

“5-b) kryen transport auto-taksi në kundërshtim me nenin 52 paragrafi 3 të këtij ligji”.

Neni 31

Në nenin 97 paragrafi 1 në pikën 4 pas fjalëve: “neni 20 paragrafi 2” shtohen fjalët: ”dhe neni 23”.

Neni 32

Në nenin 99 paragrafi 1 pas pikës 2 shtohet pika e re 2-a, si vijon:

“2-a) transportuesi nuk ka vepruar në pajtim me nenin 11 paragrafi 5 të këtij ligji;”.

Neni 33

Në nenin 99-a paragrafi 1 pika 3-a) shlyhet.

Në paragrafin 3 fjalët: “pika 3” zëvendësohen me fjalët: “pikat 1 dhe 3”.

Pas paragrafit 8 shtohet paragrafi i ri 9, si vijon:

“Për kundërvajtjet nga paragrafi 1 pika 3 të këtij neni transportuesit të huaj i lëshohet urdhër pagesë mandatore në shumë prej 1.500 eurosh në kundërvlerë me denarë, përkohësisht i merret leja e qarkullimit dhe i shqiptohet masë plotësuese ndalim për lëvizje të automjetit në territorin e Republikës së Maqedonisë deri në pagimin e gjobës së shqiptuar. Inspektori për komunikacion rrugor detyrimisht i njofton shërbimet kufitare kompetente për shqiptimin e masës plotësuese ndalim për lëvizje të automjetit në fjalë në territorin e Republikës së Maqedonisë.”.

Neni 34

Në nenin 99-b paragrafi 1 në fjalinë hyrëse fjalët: “në vendngjarjen e kundërvajtjes” shlyhen.

Neni 35

Në nenin 99-v paragrafi 1 në fjalinë e parë lidhëza “dhe” zëvendësohet me presje dhe pas fjalës “99-b” shtohen fjalët: “dhe 99-d”.

Neni 36

Në nenin 99-e paragrafi 1 pas fjalëve: “neni 8 paragrafi 6” shtohen fjalët: ”dhe neni 69 paragrafi 6”.

Në paragrafin 3 pas fjalëve: “neni 8 paragrafi 8” shtohen fjalët: ”dhe neni 69 paragrafi 7”.

Në paragrafin 4 pas fjalëve: “neni 8 paragrafi 8” shtohen fjalët: ”dhe neni 69 paragrafi 8”.

Neni 37

Personat juridikë nga neni 69 paragrafi 4 të këtij ligji të cilët kanë marrë autorizim për lëshimin e certifikatës për gatishmëri për qarkullim të automjeteve deri në ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji duhet ta harmonizojnë punën e tyre me dispozitat nga ky ligj më së voni deri më 1 shtator 2017.

Neni 38

Aktet nënligjore të përcaktuara me këtë ligj do të miratohen në afat prej tre muajsh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 39

Në Ligjin për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit për transport në komunikacionin rrugor (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 97/15) në nenin 10 fjalët: “duhet të zëvendësohen në pajtim me dispozitën nga neni 2 i këtij ligji me të cilën plotësohet neni 8-b me dorëzimin e kërkesës te Ministria e Transportit dhe Lidhjeve nga ana e shoferëve më së voni deri më 1 qershor 2016 dhe të njëjtat" shlyhen.

Neni 40

Autorizohet Komisioni Juridik Ligjvënës i Kuvendit të Republikës së Maqedonisë të përcaktojë tekst të spastruar të Ligjit për transport në komunikacionin rrugor.

Neni 41

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në “Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë”.

## ЗАКОНОДАВНО-ПРАВНА КОМИСИЈА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2041.**

По извршеното срамнување со изворниот текст Законодавно-правната комисија утврди дека во текстот на Законот за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања („Службен весник на Република Македонија“ број 23/16) е направена грешка поради што се дава

### И С П Р А В К А
### НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ НА ГОТОВИНСКИ ПЛАЌАЊА

Содржината на членот 8, односно на членот 20 наместо во еден став со две реченици треба да биде во два става, првата реченица да биде став 1, а втората реченица да биде став 2.

| | |
|---|---|
| Бр. 11-2013/2 | Од Законодавно-правната |
| 5 април 2016 година | комисија на Собранието |
| Скопје | на Република Македонија |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2042.**

Врз основа на член 2 став 3 и член 18 од Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр.36/90) и („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/91, 23/97, 37/2005, 84/2005, 121/2007, 161/2008, 92/2009, 42/2010, 97/2010, 162/2010, 11/2012 и 145/2012, 170/2013 и 139/2014), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 5 април 2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КОЕФИЦИЕНТИ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТАТА НА ФУНКЦИОНЕРИТЕ КОИ ГИ ИМЕНУВА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Во член 1 од Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/2005, 71/2005, 2/2006, 8/2006, 46/2006, 18/2007, 94/2007, 103/2007, 126/2007, 138/2007, 39/2008, 137/2008,154/2008, 63/2009, 76/2009, 144/2009, 39/2010, 63/2010, 158/2010, 5/2011, 75/2011, 133/2011, 70/2012, 82/2012, 161/2012, 172/2013, 16/2014, 21/2014, 99/2014, 116/2014, 152/2015, 161/2015, 218/2015 и 19/2016), во табелата:

1. По алинејата – „национален координатор за имплементација на Националната платформа за намалување на ризици од несреќи и катастрофи на Република Македонија -коефициентот „3,3“, се додава нова алинеја која гласи:

2. „- национален координатор за борба против тероризам - 3,3 “.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 24-3196/3
5 април 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

---

**2043.**

Врз основа на член 215 став 1 алинеја 3 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120/2013, 187/2013, 38/2014, 41/2014, 138/2014, 88/2015, 192/2015, 6/2016, 30/2016 и 61/2016), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5 април 2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕН НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА, УПРАВУВАЊЕ И ИЗДАВАЊЕ НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКА САЛА БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ СКОПЈЕ**

1. Јордан Наков се избира за член на Надзорниот одбор на Друштво за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-3425/1
5 април 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

---

**2044.**

Врз основа на член 19 од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/2007, 103/2008, 130/2008, 139/2009, 156/2010, 127/2012, 41/2014, 72/2015, 129/2015, 173/2015, 192/2015, 217/2015 и 30/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 5 април 2016 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ**

1. Татјана Вељковиќ се разрешува од должноста член на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, на нејзино барање.

2. За член на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони се именува Дане Јосифовски.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24 – 2786/4
5 април 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

---

**2045.**

Врз основа на член 40 од Законот за сигурност во железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија“ бр. 48/2010, 23/2011, 53/2011, 158/2011, 137/2013, 163/2013, 42/2014, 166/2014, 147/2015, 193/2015 и 31/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 5 април 2016 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА УПРАВАТА ЗА СИГУРНОСТ ВО ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СИСТЕМ**

1. За директор на Управата за сигурност во железничкиот систем, орган во состав на Министерството за транспорт и врски, се именува Јовица Страшевски, досегашен директор на Управата.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-3316/2
5 април 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

---

**2046.**

Врз основа на член 18 став 1 од Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во „Службен весник на Република Македонија“ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/99 и 43/2002), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 5 април 2016 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА В.Д. ДИРЕКТОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. Вероника Наумовска се разрешува од должноста вршител на должноста директор на Јавното претпријатие Службен весник на Република Македонија – Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија .“

Бр. 24-3402/1
5 април 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

---

**2047.**

Врз основа на член 18 став 1 од Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во „Службен весник на Република Македонија“ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/99 и 43/2002), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 5 април 2016 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ В.Д. ДИРЕКТОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. За вршител на должноста директор на Јавното претпријатие Службен весник на Република Македонија – Скопје се именува Ангела Атанасова.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија .“

Бр. 24-3407/1
5 април 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

---

**2048.**

Врз основа на член 10 став 2 од Законот за основање на Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 57/2010, 36/2011 и 41/2014), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 29 март 2016 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ЗАМЕНИК ДИРЕКТОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ И ПРОМОЦИЈА НА ИЗВОЗОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. Климент Шекеровски се разрешува од должноста заменик директор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24 – 3409/1
29 март 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

---

**2049.**

Врз основа на член 10 од Законот за основање на Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 57/2010, 36/2011 и 41/2014), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 29 март 2016 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ЗАМЕНИК ДИРЕКТОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ И ПРОМОЦИЈА НА ИЗВОЗОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. За вршител на должноста заменик директор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија, се именува Ивана Николиќ.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24 – 3412/1
29 март 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

---

**2050.**

Врз основа на член 79 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/2010, 135/2011 и 55/2016), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 29 март 2016 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИИ СО СТАТУС ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС**

1. За претседател и членови на Комисијата за организации со статус од јавен интерес, се именуваат:

а) за претседател

- Елена Ивановска од Министерството за образование и наука

б) за членови:

- Тоше Пановски од Министерството за финансии
- Миљазим Мустафа од Министерството за правда
- Лена Ничевска од Министерството за труд и социјална политика
- Снежана Ристовска од Министерството за култура
- Бетим Љамалари од Министерството за животна средина и просторно планирање
- Ели Чакар од Министерството за локална самоуправа
- Никица Панова од Министерството за здравство
- Гордана Цекова од Агенцијата за млади и спорт
- Никола Ивановски од Здружение на граѓани за демократија Тогедер од Битола и
- Усеин Елезоски од Здружение Центар за демократски развој и интеграција Визија – ЕУ од с. Долно Косоврасти Дебар.

2. Со именувањето на претседателот и членовите на Комисијата за организации со статус од јавен интерес на досегашните им престанува мандатот.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24 – 3428/1
29 март 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

**2051.**

Врз основа на член 7 од Одлуката за основање на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/98, 45/98, 28/99, 61/99, 21/2001, 30/2001, 21/2002, 69/2003, 147/2007, 139/2008, 87/2009, 135/2009, 67/2010, 37/2011, 136/2012, 95/2013, 34/2014, 38/2014, 90/2014 88/2015 и 45/2016), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 29 март 2016 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА СЛУЖБАТА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. За директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија се именува Васе Доневски, досегашен директор на Службата.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 24 – 3431/1
29 март 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

---

**2052.**

Врз основа на член 40-а став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014 и 196/2015), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 29 март 2016 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПОРТПАРОЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. За портпарол на Владата на Република Македонија се именува Александар Ѓорѓиев, досегашен портпарол на Владата.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24 – 3435/1
29 март 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

---

**2053.**

Врз основа на член 47 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 29 март 2016 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА УПРАВАТА ЗА ИМОТНО – ПРАВНИ РАБОТИ**

1. За директор на Управата за имотно правни работи, орган во состав на Министерството за финансии се именува Зоран Крстаноски, досегашен директор на Управата.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24 – 3439/1
29 март 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

---

**2054.**

По извршеното проверување на изворниот текст, утврдено е дека во текстот на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2016 година бр. 42-13241/1-15 од 5.1.2016 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 2/2016, направена е техничка грешка, поради што се додава

**И С П Р А В К А**
**НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2016 ГОДИНА**

Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2016 година, по делот II, наместо бројот „II“ треба да стои бројот „III“.

Бр. 42-13241/2-15
5 април 2016 година
Скопје

Од Владата
на Република Македонија

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**2055.**

Врз основа на член 82-н од Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15, 7/16 и 39/16), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА СОСТАВОТ НА КОМИСИЈАТА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СЕЛЕКЦИЈАТА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ШУМСКА ПОЛИЦИЈА**

Член 1

Со овој правилник се пропишува составот на Комисијата за унапредување и начинот на спроведување на селекција за унапредување на вработените во шумската полиција (во понатамошниот текст: Комисијата).

Член 2

Комисијата е составена од шест вработени лица во шумската полиција и тоа претседател и два члена и нивни заменици.

Член 3

Претседател на Комисијата и неговиот заменик се од редот на раководните лица од Секторот за Шумска полиција, а другите два члена и нивните заменици се од вработените во Шумско полициските станици.

Член 4

Селекцијата за унапредување на работник во шумската полиција се врши врз основ на член 82 – м од Законот за шумите и се состои од два дела и тоа: административна селекција и интервју.

Член 5

Административната селекција се состои од проверка на внесените податоци во пријавата со условите утврдени во членот 82-м став 3 од Законот за шумите и приложените докази во пријавата и нивно бодирање.

Член 6

За кандидати за кои при административна селекција ќе се утврди дека не ги исполнуваат условите утврдени во интерниот оглас, постапката на селекција не се спроведува.

Член 7

Бодовите на административна селекција за секој пријавен кандидат се утврдуваат врз основа на последните три оцени и тоа согласно со доставените докази од членот 82-м став 3 алинеи 3 и 5 од Законот за шумите, потврда за успешно реализирана обука и успешното пренесување на знаења и вештини меѓу вработените во шумската полиција.

Член 8

Врз основа на бодовите од административната селекција, Комисијата составува ранг листа, при што со најмногу пет, најдобро рангирани кандидати, во рок од пет дена по административната селекција, Комисијата спроведува интервју.

Член 9

Врз основа на бодовите од административната селекција и интервјуто, Комисијата составува ранг листа и го предлага прворангираниот кандидат на министерот.

Член 10

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 19–4032/1<br>28 март 2016 година<br>Скопје | Министер за земјоделство,<br>шумарство и водостопанство,<br>м-р **Михаил Цветков**, с.р. |

**2056.**

Врз основа на член 82-и став 5 од Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15, 7/16 и 39/16), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

## П Р А В И Л Н И К ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ПРИЈАВАТА ЗА ЗАСНОВАЊЕ НА РАБОТЕН ОДНОС ВО ШУМСКАТА ПОЛИЦИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на пополнување на пријавата за заснование на работен однос во шумската полиција.

Член 2

Пријава за засновање на работен оглас се поднесува на хартија во бела боја во А4 формат, и содржи:

1. Податоци за огласот:

- број на јавниот оглас, назив на институцијата, реден број на работно место(та) за кое(и) се пријавува.

2. Лични податоци за кандидатот:

- име и презиме, адреса на живеење (ул. и бр., место), дата на раѓање, ЕМБГ, пол, контакт адреса (ул. и бр., место), контакт телефон, e-mail и припадност на заедница.

3. Податоци за исполнување на општи услови:

- да е државјанин на Република Македонија,
- да е психофизички способен за работа,
- да не му е изречена казна со правосилна судска одлука.

4. Податоци за исполнување на посебни услови:

- степен на образование, образовна институција, насока, држава на завршување на образованието, дата на дипломирање, број на диплома,

5. Податоци за работното искуство во струката

- назив на институцијата/претпријатие, работното искуство во струката (години,месеци,денови).

6. Други услови утврдени во актот за систематизација на работните места.

- познавање на јазици, компјутерски вештини и др.

Формата и содржината на пријавата од став 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Пополнувањето на пријавата за засновање на работен однос во Шумската полиција се врши лично, со своерачен потпис и со читко пополнување на бараните податоци во пријавата од член 2 став 1 од овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“

| | |
|---|---|
| Бр. 19-4033/1<br>28 март 2016 година<br>Скопје | Министер за земјоделство,<br>шумарство и водостопанство,<br>м-р **Михаил Цветков**, с.р. |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО,
ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**ПРИЈАВА**

ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО ШУМСКА ПОЛИЦИЈА (ЈАВЕН ОГЛАС)

1. Податоци за огласот
   - број на јавниот оглас___________________________________________________________
   - назив на институцијата ___________________________________________________________
   - реден број на работно место(та) за кое(и) се пријавува ___________________________

2. Лични податоци за кандидатот:
   - име и презиме ___________________________________________________________
   - адреса на живеење ( ул. и бр. , место)_________________________________________
   - дата на раѓање ___________________________________________________________
   - ЕМБГ___________________________________________________________
   - пол___________________________________________________________
   - контакт адреса ( ул. и бр., место) ________________________________________
   - контакт телефон ___________________________________________________________
   - email адреса___________________________________________________________
   - припадност на заедница ___________________________________________________

3. Податоци за исполнување на општи услови

| | | |
|---|---|---|
| - дали сте државјанин на РМ | ДА | НЕ |
| - дали сте психофизички способен за работа | ДА | НЕ |
| - дали ви е изречена казна со правосилна пресуда | ДА | НЕ |

4. Податоци за исполнување на посебни услови
- степен на образование ______________________________________________________
- образовна институција ______________________________________________________
- насока ________________________________________________________________________
- држава на завршување на образованието ______________________________________
- дата на дипломирање ________________________________________________________
- број на диплома ____________________________________________________________

5. Податоци за работното искуство во струката
- назив на институцијата/претпријатието__________________________________________

_____________________________________________________________________________

работното искуство во струката, години__________месеци_________денови_________

6. Други услови утврдени во актот за систематизација на работните места
- познавање на јазици ________________________________________________________
- компјутерски вештини _______________________________________________________

Дата на пријавување Потпис на кандидатот

___________________ ______________________________

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

**2057.**

Врз основа на член 50 став 10 од Законот за работното време, задолжителните одмори на мобилните работници и возачите во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 161/09, 17/11, 54/11, 115/14, 193/15 и 37/16) министерот за транспорт и врски, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПРЕКРШОЧНИОТ ПЛАТЕН НАЛОГ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.

Член 2

Прекршочниот платен налог за правно лице и за трговец поединец е отпечатен на хартија со бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог од став 1 на овој член се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Прекршочниот платен налог за одговорното лице во правно лице и за одговорното лице во трговец поединец е отпечатен на хартија со бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог од став 1 на овој член се дадени во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Прекршочниот платен налог за физичко лице-возач е отпечатен на хартија со бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог од став 1 на овој член се дадени во Прилог 3 кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 01-5142
31 март 2016 година
Скопје

Министер
за транспорт и врски,
**Владо Мисајловски,** с.р.

**Прилог 1**

______________________________________
(Назив на органот)

Број: ______________
Датум ___________год.________во________часот

Врз основа на член 50 став 3 од Законот за работното време, задолжителните одмори на мобилните работници и возачите во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај државниот инспектор за патен сообраќај/ униформираниот полициски службеник од Министерството за внатрешни работи задолжен за контрола на безбедноста во патниот сообраќај издава

**ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ**

■ ( за правно лице)
■ (за трговец поединец)

| | |
|---|---|
| А | ПОДАТОЦИ ЗА ПРАВНОТО ЛИЦЕ/ТРГОВЕЦОТ ПОЕДИНЕЦ |

| | |
|---|---|
| Назив | Даночен број |
| Седиште | Жиро сметка и деловна банка |

| | |
|---|---|
| Б | ПОДАТОЦИ ЗА ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ ВО ПРАВНОТО ЛИЦЕ/ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ ВО ТРГОВЕЦОТ ПОЕДИНЕЦ |

| | | |
|---|---|---|
| Име и презиме | | ЕМБГ |
| Датум, место и држава на раѓање | Занимање | Адреса на живеалиште или на привремен престој |
| Број на лична карта/патна исправа | Датум и место на издавање | Орган кој ја издал |

| В | ПОДАТОЦИ ЗА СТОРЕН ПРЕКРШОК |
|---|---|
| Место и време на сторување на прекршокот | |
| Опис на прекршокот | |
| Правна квалификација на прекршокот | |
| Записник за сторен прекршок | |
| Износ на утврдената глоба за прекршокот | |
| Сметка за плаќање на глоба | На образец ПП 50 на трезорска сметка 100-0000000630-95, уплатна сметка 840***05283, приходна шифра 712126 и програма 00, со цел на дознака - уплата на глоба, односно на образец ПП 50 на трезорска сметка 100-0000000630-95, уплатна сметка 840***05220, приходна шифра 718134 и програма 00, со цел на дознака - уплата на глоба |

ПРАВНА ПОУКА: Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршената уплата до државниот инспектор за патен сообраќај/ униформираниот полициски службеник од Министерството за внатрешни работи задолжен за контрола на безбедноста во патниот сообраќај кој го издал прекршочниот платен налог. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, државниот инспектор за патен сообраќај/ униформираниот полициски службеник од Министерството за внатрешни работи задолжен за контрола на безбедноста во патниот сообраќај поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд.

| Сторител на прекршок | | Државен инспектор за патен сообраќај/ Униформиран полициски службеник |
|---|---|---|
| ______________________________ | М.П. | ______________________________ |
| име, презиме и своерачен потпис | | име, презиме и своерачен потпис |

**Прилог 2**

______________________________________

(Назив на органот)
Број:___________
Датум_________год._______во________часот

Врз основа на член 50 став 3 од Законот за работното време, задолжителните одмори на мобилните работници и возачите во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај државниот инспектор за патен сообраќај/ униформираниот полициски службеник од Министерството за внатрешни работи задолжен за контрола на безбедноста во патниот сообраќај издава

**ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ**

- (за одговорното лице во правно лице)
- (за одговорното лице во трговец поединец)

Име и презиме ______________________________________________
Единствен матичен број на граѓанинот на одговорното лице во правното лице/одговорното лице во трговецот поединец
______________________________________________
Адреса______________________________________________
Број и датум на издавање на лична карта/патна исправа______________________________
Податоци за правното лице
Назив
______________________________________________
Седиште
______________________________________________
Единствен даночен број (ЕДБ) ______________________________________
Опис на прекршокот
______________________________________________
Место и време на сторување на прекршокот
______________________________________________
Правна квалификација на прекршокот
______________________________________________
Записник за сторен прекршок
______________________________________________
да плати глоба во износ од ________ евра во денарска противвредност на образец ПП 50 на трезорска сметка 100-0000000630-95, уплатна сметка 840***05283, приходна шифра 712126 и програма 00, со цел на дознака - уплата на глоба, односно на образец ПП 50 на трезорска сметка 100-0000000630-95, уплатна сметка 840***05220, приходна шифра 718134 и програма 00, со цел на дознака - уплата на глоба.

ПРАВНА ПОУКА: Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршената уплата до државниот инспектор за патен сообраќај/ униформираниот полициски службеник од Министерството за внатрешни работи задолжен за контрола на безбедноста во патниот сообраќај кој го издал прекршочниот платен налог. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, државниот инспектор за патен сообраќај/ униформираниот полициски службеник од Министерството за внатрешни работи задолжен за контрола на безбедноста во патниот сообраќај поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд.

| Сторител на прекршок | | Државен инспектор за патен сообраќај/ Униформиран полициски службеник |
|---|---|---|
| ______________________________ | М.П. | ______________________________ |
| име, презиме и своерачен потпис | | име, презиме и своерачен потпис |

**Прилог 3**

______________________________________
(Назив на органот)
Број:__________
Датум________год.______во_______часот

Врз основа на член 50 став 3 од Законот за работното време, задолжителните одмори на мобилните работници и возачите во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај државниот инспектор за патен сообраќај/ униформираниот полициски службеник од Министерството за внатрешни работи задолжен за контрола на безбедноста во патниот сообраќај издава

**ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ**
(за физичко лице-возач)

Име и презиме ______________________________________________
Единствен матичен број на граѓанинот на физичкото лице-возач________________________
Адреса____________________________________________________________
Број и датум на издавање на лична карта/патна исправа______________________________
Опис на прекршокот
______________________________________________________________
Место и време на сторување на прекршокот
______________________________________________________________
Правна квалификација на прекршокот
______________________________________________________________
Записник за сторен прекршок
______________________________________________________________
да плати глоба во износ од _______ евра во денарска противвредност на образец ПП 50 на трезорска сметка 100-0000000630-95, уплатна сметка 840***05283, приходна шифра 712126 и програма 00, со цел на дознака - уплата на глоба, односно на образец ПП 50 на трезорска сметка 100-0000000630-95, уплатна сметка 840***05220, приходна шифра 718134 и програма 00, со цел на дознака - уплата на глоба.

ПРАВНА ПОУКА: Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршената уплата до државниот инспектор за патен сообраќај/ униформираниот полициски службеник од Министерството за внатрешни работи задолжен за контрола на безбедноста во патниот сообраќај кој го издал прекршочниот платен налог. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, државниот инспектор за патен сообраќај/ униформираниот полициски службеник од Министерството за внатрешни работи задолжен за контрола на безбедноста во патниот сообраќај поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд односно до Комисијата за одлучување по прекршоци во Министерството за транспорт и врски.

| Сторител на прекршок | | Државен инспектор за патен сообраќај/ Униформиран полициски службеник |
|---|---|---|
| ______________________ | М.П. | ______________________ |
| име, презиме и своерачен потпис | | име, презиме и своерачен потпис |

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

**2058.**

Врз основа на член 123 став (4) од Законот за заштита на природата (“Службен весник на Република Македонија” бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16 и 63/16), министерот за животна средина и просторно планирање донесе

### ПРАВИЛНИК ЗА МЕРКИТЕ И АКТИВНОСТИТЕ ЗА ЗАШТИТА НА СПЕЛЕОЛОШКИТЕ ОБЈЕКТИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат мерките и активностите за заштита на спелеолошките објекти (пештери, понори, пропасти и друго).

Член 2

(1) За заштита на подземните ерозивни и акумулативни форми, пештерската флора и фауна, археолошките и палеонтолошки наоди, геолошко-минералошките и хидрогеолошки појави во спелеолошките објекти и нивната непосредна околина се преземаат мерки и активности за нивна заштита.

(2) Мерките и активностите кои се преземаат за заштита на спелеолошките објекти можат да бидат заштитни и управувачки.

Член 3

(1) За заштита на спелеолошките објекти се преземаат заштитни мерки и активности со кои ќе се обезбеди спречување на:

- влегување на правни и физички лица во спелеолошки објекти без претходно добиена дозвола од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата;
- преземање на активности кои негативно влијаат врз основните флористичко-фаунистички карактеристики во спелеолошките објекти или на нивната површина;
- кршење, уништување или отстранување на пештерски украси (сталактити, сталагмити и др.) како и изнесување на пештерски украси, фосили, предмети од материјална култура и и други предмети;
- менување на еколошките услови во спелеолошките објекти и во нивната непосредна околина;
- собирање на пештерска флора и фауна;
- вознемирување, протерување и ловење на пештерска фауна на која спелеолошките објекти и нивната непосредна околина претставуваат нивни живеалишта;
- предизвикување на бучава, вибрации, пожари и експлозии во спелеолошките објекти и нивната непосредна околина;
- внесување на алохтони животински и растителни видови во спелеолошките објекти;
- депонирање на отпадни, радиоактивни и биолошки неразградливи материи во спелеолошките објекти и нивната непосредна околина;
- загадување на површинските води што понираат во спелеолошките објекти и подземните води во спелеолошките објекти;
- изградба на градби и инфраструктурни објекти пред влезот, во непосредната околина и над површината на спелеолошките објекти;
- истражување и експлоатација на минерални суровини во потесното подрачје на спелеолошките објекти и
- туристичка посета на спелеолошките објекти кои не се уредени за таа намена, освен со придружба на спелео-водич.

(2) Заштитните мерки и активности од ставот (1) на овој член не се применуваат во случај на интервенции од аспект на спасување, природни катастрофи или спроведување на предистражувачки и истражувачки дејствиа од страна на правни лица регистрирани за спелеолошки истражувања.

Член 4

(1) За заштита на спелеолошките објекти се преземаат следните управувачки мерки и активности:

- обезбедување на географски податоци за спелеолошкиот објект и неговата непосредна околина ( локација, пристап до влезот, морфометриски податоци и фотодокументација);
- обезбедување на геопросторни податоци за спелеолошкиот објект во државен координатен систем;
- изработка на проектна документација за уредување на просторот во спелеолошките објекти и нивната непосредна околина;
- обележување на местоположбата на спелеолошкиот објект со поставување на патокази и информативни табли;
- физичка заштита на влезот во спелеолошкиот објект со поставување на решеткаста врата чиј дизајн зависи од пештерската фауна ( лилјаци и сл);
- означување на режимот на движење во спелеолошките објекти ( пештери);
- воспоставување на режим на заштита на спелеолошките објекти од аспект на заштита на биодиверзитетот и значајните спелеоукраси и други спелеолошки појави;
- обезбедување на поединечни и групни посети на спелеолошките објекти (пештери) со придружба на спелео-водич;
- обезбедување на опрема за заштита на посетителите при поединечни и групни посети на спелеолошките објекти (пештери);
- определување на дејствиа кои може да се преземаат во непосредната околина на спелеолошките објекти, само доколку истите не ги загрозуваат нивните обележја и вредности;
- ограничување на бројот на посетители во спелеолошките објекти (пештери) доколку се утврди дека има нарушување на природниот амбиент во спелеолошкиот објект;
- обезбедување на заштита на колониите на пештерски птици, лилјаци, мали цицачи и други диви животни во спелеолошкиот објект со поставување на табли со натписи за периодичен или постојан забранет пристап или посета на тие места;
- спроведување мониторинг на состојбата со бројноста на популациите на ендемичните и загрозените диви видови растенија, габи и животни со примена на посебни протоколи за вршење на мониторинг;
- спроведување едукативни активности за одделни целни групи (локално население, извидници, планинари, рекреативци, ученици и студенти) и
- организирање на работилници, обуки, семинари и други настани за подигање на јавната свест за интегралната заштита на спелеолошкиот објект.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.13-2452/1
25 март 2016 година
Скопје

Министер за животна средина
и просторно планирање,
**Нурхан Изаири,** с.р.

# СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2059.**

Врз основа на Амандман XXIX на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.107/2005), член 41 и член 47 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/2006, 35/2008 и 150/2010) и член 44 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.60/2006, 150/2010, 100/2011, 20/2015 и 61/2015), Судскиот совет на Република Македонија на седницата одржана на ден 06.04.2016 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОСНОВЕН СУД ГОСТИВАР

1. За претседател на Основен суд Гостивар е избран:

Ќирко Михајлоски - судија на Основен суд Гостивар.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 08-734/1
6 април 2016 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија
Претседател,
**Бранко Ушковски,** с.р.

Службен весник
на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. - Скопје**
**бул. „Партизански одреди“ бр. 29. Поштенски фах 51.**
**в. д. директор и одговорен уредник – Ангела Атанасова**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2016 година изнесува 10.100 денари.**
**„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.**

ISSN 0354-1622
2016071